SEESAC

Funded by
the European Union

Regional Cooperation Council

АНАЛИЗА

# НА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

ВО РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО НА МАЖИ ВРЗ ЖЕНИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН



# Содржина


**АКРОНИМИ** **1**

**01 КЛУЧНИ НАОДИ ОД РЕГИОНАЛНАТА АНАЛИЗА** **3**

**02 ВОВЕД** **9**

Актуелна анализа на медиумско известување за родово-базирано насилство на мажи врз жени во регионот 13

Цел на анализата 16

**03 МЕТОДОЛОГИЈА** **17**

Примерок 18

Ограничувања на анализата 19

Истражувачка терминологија 20

Истражувачка методологија и показатели 23

**04 РЕЗУЛТАТИ ОД РЕГИОНАЛНАТА АНАЛИЗА** **27**

Општи информации 28

Претставување конкретни инциденти, сторители и огнено оружје во медиумите 31

Претставување на преживеаните/жртвите и на насилството во медиумите 45

Визуелизација на насилството и на огненото оружје 50

Едукативната улога на медиумите 52

**05 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** **55**

**06 КЛУЧНИ НАОДИ ПО ЈУРИСДИКЦИЈА[1]** **63**

Босна и Херцеговина 64

Црна Гора 66

Северна Македонија 68

Србија 70

Косово* 72

**АНЕКS 1:** Истражувачка методологија и показатели – подетално 75

**РЕФЕРЕНЦИИ** **91**

**1** За Програмата за развој на Обединетите нации, референците за Косово ќе бидат во контекст на Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации (1999 година).

***** За Европската Унија, овој назив се користи без да е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1244/99 и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата за косовската декларација за независност.

Клириншката куќа за контрола на мало и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (СЕЕСАК) е заедничка иницијатива на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и на Регионалниот совет за соработка (RCC) со цел зајакнување на локалните и на регионалните капацитети за контрола и намалување на ширењето и на злоупотребата на мало и лесно оружје, со што се придонесува за зајакната стабилност, безбедност и развој во Југоисточна и Источна Европа.

Оваа публикација е подготвена со финансиска помош од Европската Унија, преку проектот „Поддршка за зајакнување на борбата против нелегално поседување, злоупотреба и недозволена трговија со мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан IPA/2021/420-067“, финансиран преку Инструментот за претпристапна помош  (IPA II).

**За дополнителни информации, контактирајте го:**
Раководител на СЕЕСАК
Булевар „Зорана Ѓинѓиќа“ 64,
11000 Белград, Србија
Тел: +381 11 415 5300
www.seesac.org

Издавач: Програма за развој на Обединетите нации СЕЕСАЦ
Дизајн и прелом: Иван Ќулафиќ
Испечатил: Биграф Плус, Белград
Место и годинe на издавање: Белград, 2025 година
Тираж: 50
ISBN-978-86-7728-379-7

© SEESAC 2025 – Сите права се задржани

**Оградување од одговорност**
За ставовите изразени во овој документ не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија. Ознаките што се користат и претставувањето на материјалот во оваа публикација не ги претставуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија во врска со: 1) правниот статус на која било земја, територија или област, или на нејзините надлежни органи или вооружени групи; или 2) определувањето на нејзините граници.

# Благодарност

Би сакале да ја изразиме нашата благодарност до консултантот на СЕЕСАК, Сања Павловиќ, од Автономниот центар за жени, која го состави извештајот и обезбеди експертска анализа врз основа на податоци и опсервации што ги обезбеди истражувачки тим составен од новинари од пет јурисдикции од Западен Балкан, имено: Гентијана Ахмети, Дејана Цветковиќ, Јована Дамјановиќ, Фатлуме Дервиши, Владана Ѓуришиќ, Дафина Халили, Билјана Бејкова Јошеска, Маја Јовановска, Дорентина Кастрати, Миланка Ковачевиќ, Мирна Лаковиќ, Душанка Пејовиќ, Селма Зулиќ Шиљак, Николија Бјелица Шкриван, Марјана Стевановиќ, Јелена Зориќ, Жељка Звицер. Пред да учествува во истражувањето, тимот посетуваше обука за родово-базирано насилство со користење огнено оружје од мажи врз жени, што ја организираше УНДП СЕЕСАК. Во текот на работата, истражувачкиот тим беше поддржан со непроценлива експертиза и насоки од Сања Павловиќ и Јована Глигоријиевиќ, членки на мрежата „Новинарки против насилство кон жените“.

Анализата директно се надоврзува на долгогодишната работа на УНДП Србија, што во 2017 година, заедно со Фондот Б92, ја создаде групата „Новинарки против насилство кон жените“. Како дел од својата работа, и со континуирана поддршка на УНДП, групата го следи квалитетот на медиумското покривање на насилството врз жените врз основа на утврдени, реномирани индикатори, има развиено „Насоки за медиумско известување за насилство кон жените“[2] и обезбедува обуки за медиумските работници да помогне во подобрувањето на нивните практики за известување. Нивното следење на медиумите ја опфаќа и улогата на огненото оружје во контекст на насилството кон жените.

Публикацијата ја уреди проектниот службеник на УНДП СЕЕСАК Ива Савиќ, но кон самото истражување и анализа придонесоа и увидите и мислењата на членовите на тимот на СЕЕСАК, имено: Драган Божаниќ - проектен службеник за род и истражувања, Данијела Ѓуровиќ – проектен аналитичар, Ален Лапон – Главен технички советник, Јелена Бујаковиќ – проектен специјалист за МЛО, и Виолета Гаши – Програмски соработник.

2 Повеќе информации на следната врска: https://novinarkeprotivnasilja.org/wp-content/uploads/2021/12/Smernice_WEB-VERSION-final.pdf

Анализата беше подложена на рецензија од страна на експерти за родови прашања од УНДП Србија, Маја Бранковиќ Ѓундиќ – менаџер за портфолио за родова еднаквост и Марина Илеш – соработник за застапување за родова еднаквост.

# Акроними

| | |
|---|---|
| **АВМП** | Платформа за следење на вооружено насилство |
| **БиХ** | Босна и Херцеговина |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош |
| **ЈИЕ** | Југоисточна Европа |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МЛО** | Мало и лесно оружје |
| **МО** | Меѓународна организација |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **РБН** | Родово базирано насилство |
| **РСС** | Совет за регионална соработка |
| **СЕЕСАК** | Југоисточна и Источноевропска клириншка куќа за контрола на малото и лесно оружје |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |

# КЛУЧНИ НАОДИ ОД РЕГИОНАЛНАТА АНАЛИЗА

# 01

Откако разгледаа 1.484 извештаи во медиумите за родово-базирано насилство со огнено оружје на мажи врз жени во пет јурисдикции во Западен Балкан[3], истражувачите ги екстраполираа клучните трендови што го обележуваат овој вид известување. Како добри, така и лоши, овие општи трендови може да ни помогнат да утврдиме начини за да комуницираме за овој феномен поефективно, што ќе помогне јавноста подобро да го разбере.

- Известувањето на медиумите за злоупотреба на огнено оружје во родово-базирано насилство на мажи врз жени во Западен Балкан главно е ограничено во опфатот, бидејќи првенствено е мотивирано и сосредоточено на конкретни инциденти. Во 90% од разгледаните статии, медиумите известувале само за деталите за конкретниот инцидент, без да го наведат поширокиот контекст, како, на пример, да се нагласи зачестеноста на таквите инциденти, укажувајќи на нивните заеднички карактеристики;

- Исто така, само 10% од статиите во медиумите за злоупотреба на огнено оружје во родово-базирано насилство на мажи врз жени вклучувале некаква едукативна содржина за читателите. Таквите информации може да се однесуваат на расветлување на циклусот на насилство, наведување на врските меѓу присуството на оружје и бројот на жртви, да се дискутира за проблемот како општествен проблем што произлегува од нееднаквата моќ меѓу жените и мажите или да се дадат информации како преживеаните може да најдат поддршка;

- Одговорот на институциите на злоупотребата на огнено оружје (апсења, обвиненија, пресуди) е споменат во повеќе од 80% од релевантните извештаи во медиумите во регионот во дадениот период. Но, ова не значи дека медиумите „го следеле случајот од почеток до крај“, бидејќи повеќето санкции споменати во извештаите се поврзани со апсења или со обвиненија што обично се случуваат веднаш по инцидентот. Во значително помал број извештаи се наведуваат конечните судски пресуди. Бидејќи судските постапки обично се долги, медиумите губат интерес за нив во текот на постапките;

3 Регионалната анализа ги разгледува медиумските извештаи од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Косово. Албанија не беше вклучена бидејќи претставниците на ОБСЕ во Албанија планираа да спроведат национална анализа на медиумското известување за родово базирано насилство и огнено оружје во слично време. Оттука, беше оценето дека удвојување на активностите е непотребно.

- Претставниците на министерствата за внатрешни работи и полицијата обично се главните соговорници на оваа тема, што се гледа од фактот дека нивните изјави се присутни во нешто помалку од една четвртина од анализираните медиумски извештаи, иако ситуацијата варира од јурисдикција до јурисдикција. По овие институции следуваат јавните обвинителства (11% од медиумските извештаи) и судовите (цитирани во 4% од медиумските извештаи). Многу малата застапеност на изјави од невладини организации (НВО) (5%) и од меѓународни организации (1%) укажува на тоа дека нивните знаења и експертиза се исклучително неискористени од медиумите;

- Најчестиот облик на злоупотреба на огнено оружје кој го покриваат медиумите е убиството (малку помалку од две третини од медиумските извештаи во регионот). Други форми на злоупотреба на оружје, како што се закани со огнено оружје, удари со оружје (без истрел), повреди од истрели и нивни комбинации, добиваат далеку помалку внимание во медиумите во споредба со убиствата. Иако ова можеби изгледа логично, бидејќи сериозноста на убиството е неспоредлива со другите исходи, сепак ова укажува на ограниченото разбирање кај медиумите за фактот дека ваквите инциденти не само што се општо почести од убиствата, туку и често им претходат. Присуството на огнено оружје како средство за заплашување, контрола и изолација е спомнато во помалку од 10% од релевантните извештаи;

- Кога известуваат за конкретни инциденти со огнено оружје, медиумските извештаи во секој втор случај даваат информации за видот на оружјето што било злоупотребено (како ловечка пушка, пиштол, автоматско оружје и сл.). Меѓутоа генерално не известуваат за бројот на употребено/поседувано огнено оружје од страна на сторителот, ниту неговиот легален статус, при што 71% од разгледаните медиумски извештаи недостигаат податоци дали релевантното оружје било легално или нелегално поседувано;

- Во набљудуваниот период, повеќе од две третини од медиумските извештаи во регионот не содржеле информации за тоа дали сторителот имал претходна историја на насилно однесување и/или злоупотреба на огнено оружје. Овие информации се од голема важност и медиумите имаат право, дури и би можело да се каже и дека имаат обврска да ги запрашаат надлежните органи дали сторителот има историја на насилно однесување и/или злоупотреба на огнено оружје и, доколку е така, да побараат појаснување од надлежните институции во врска со нивните постапки како одговор на ваквото однесување. Со тоа медиумите би можеле да ги разоткријат пред јавноста можните недостатоци во работата на институциите, а на тој начин да влијаат за промена. Информациите за претходната историја на насилство или злоупотреба на оружје од страна на сторителот може да помогнат и за спречување идни инциденти, бидејќи е важно за жените што се соочуваат со насилство да знаат дека ваквото однесување може да претставува индикација за голем ризик од натамошно и уште поекстремно насилство, што може да кулминира со злоупотреба на оружје и/или смрт;

- Екстремното мнозинство анализирани медиумски извештаи во регионот (93%) не земаат предвид потенцијална поврзаност меѓу специфичен инцидент на родово базирано насилство од мажи и неодамнешни и/или тековни вооружени конфликти. Оваа поврзаност, на пример, може да се одрази на полесниот пристап до огнено оружје или можното посттрауматско стресно нарушување што го доживуваат поранешните борци.[4] Ова значи дека, регионално, ваквото медиумско известување може да се подобри со понатамошно истражување на можните врски меѓу родово-базирано насилство на мажи врз жени и учеството на сторителите во вооружени конфликти;

4 За поврзаноста помеѓу родово насилство врз жените и вооружените конфликти, ве молиме погледнете ги долунаведените документи:

Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените: Благосостојбата и безбедноста на жените (ориг. OSCE-Led Survey on Violence Against Women: Well-Being and Safety of Women), ОБСЕ, 2019 г. (стр.82-83).

Превенција и одговор на родово базирано насилство за време на војна и во постконфликтна средина: Искуства и препораки на женска невладина организација – Прирачник, Жените против насилството во Европа (Prevention and response to gender-based violence during war and in post-conflict environment: Experiences and recommendations of women's non-governmental organization – Handbook, Women against violence in Europe (WAVE)), 2022 г. (стр. 19).

Патеки за мир: инклузивни пристапи за спречување насилни конфликти (ориг. Pathways for Peace: Inclusive Approaches to Preventing Violent Conflict), Меѓународна банка за обнова и развој / Светска банка, 2018, (стр. 30-31).

- Во повеќето јурисдикции, сериозен проблем во медиумското претставување на преживеаните/жртвите и на самото насилство е откривање на идентитетот на жртвите или идентитетот на членовите на нивните семејства, вклучително и децата. Ова е случај во речиси две третини од разгледуваните медиумски извештаи во регионот, со највисока стапка во Црна Гора (86% од медиумските извештаи);

- Во директна врска со високиот степен на разоткривање на приватноста е честото објавување нерелевантни детали за чинот на насилство што не се релевантни за јавноста или изјави од нерелевантни соговорници, кои се вклучени во секој втор анализиран медиумски извештај. Исто така, секој втор медиумски извештај користи сензационалистички или стереотипен јазик во врска со насилството, преживеаните/жртвите и/или сторителите. Овие опсервации посочуваат на нарушување и непостоење заштита на достоинството на преживеаните/жртвите, што е основно човеково право;

- Минимизирање или исмевање на насилството и/или демонстрација на недоверба кон преживеаните/жртвите на злоупотреба на оружје е присутно во една петтина од медиумските извештаи, што потенцијално би можело да влијае врз перцепцијата на јавноста за злосторството и да придонесе за негово нормализирање и/или минимизирање;

- Префрлање на одговорноста за извршеното злосторство од сторителите на преживеаните/жртвите е забележано во приближно една петтина од медиумските извештаи во регионот, со најголем процент во Србија (27% од медиумската покриеност во Србија) и во Црна Гора (16% од натписите објавени во Црна Гора). Обесхрабрува и присуството и зачестеноста на медиумите што оправдуваат случаи на насилство врз основа на надворешни околности или личните карактеристики на сторителот (лошата финансиска состојба на сторителот, алкохолизам, итн.), а една третина од медиумските извештаи содржеле вакви елементи. Повторно, највисока стапка на вакви изјави е забележана во медиумските извештаи во Србија (41% од медиумската покриеност во Србија) и во Црна Гора (24% од натписите објавени во Црна Гора).

- Во однос на медиумската визуализација на злоупотребата на огнено оружје во родово-базирано насилство на мажи врз жени, податоците укажуваат дека приближно една половина од медиумските извештаи во регионот го прикажуваат оружјето на несоодветен начин. Со други зборови, огненото оружје се претставува како симбол на моќ, што може да ги засили некритичните ставови во врска со оружјето и да влијае за нивна нормализација и глорификација во општеството. Од друга страна, во некои од анализираните извештаи има критички гледишта за злоупотреба на оружјето. Примери за вакво известување се фотографии и слики на оружјето со кое ракуваат форензички експерти (на пр. во форензичка ќеса), при конфискација, под надзор на релевантните органи или прецртани со црвена линија и зборовите „СТОП ЗА ОРУЖЈЕТО".

- Кога станува збор за фотографии/слики на насилство, преживеани/жртви и сторители, иако помалку проблематични, зачестеноста на несоодветно известување сепак беше неприфатливо висока. Триесет и девет проценти (39%) од извештаите во регионот содржеле несоодветен визуелен приказ, вклучително и особено неетички фотографии со експлицитни детали како фотографии од мртвите тела на жртвите, нивните повреди, детали од местото на злосторството итн. Како што минимизирањето или исмејувањето на родово базираното насилство може да придонесе за негово нормализирање, исто така може да придонесе и експлицитното визуелно прикажување на физичкото насилство.

- Особено, ова може да ја намали сериозноста на формите што се помалку физички видливи, како психолошко, економско и сексуално насилство.

# ВОВЕД

# 02

Насилството врз жените е глобален феномен, присутен во сите општества. Тоа е сериозно прекршување на човековите права на жените, „што доведе до доминација и дискриминација на мажите врз жените и го спречи целосниот напредок на жените“[5].

Иако сите јурисдикции опфатени со анализата ја имаат ратификувано Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција)[6], насилството врз жените и натаму е широко распространет општествен и политички проблем. Истражувањата спроведени во 2018 година во секоја јурисдикција одделно покажуваат дека повеќе од 3,2 милиони жени од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Косово посочиле дека доживеале некаков вид сексуална злоупотреба, демнење, насилство од интимниот партнер или непартнерско насилство (вклучително и психолошко, физичко или сексуално насилство) по 15-тата[7] година. Повеќе од 730.000 изјавиле дека биле изложени на физичко или на сексуално насилство од интимниот партнер[8].

Кога станува збор за напади и закани со огнено оружје кај жените што посочиле дека доживеале насилство од партнерот или од непартнерот, процентите се разликуваат малку низ регионот: 6% во Босна и Херцеговина,[9] 15,5% во Црна Гора,[10] 3% во Северна Македонија,[11] 5% во Србија.[12] и 15,4% во Косово,[13] Истото истражување нагласува особено алармантни податоци во некои јурисдикции: На пример, „во дискусиите за факторите што можеби придонеле за пораст на случаите на насилство врз жените во Србија, жените во квалитативното истражување ја спомenale големата достапност на огнено оружје за време на и по вооружените конфликти како клучен фактор. Тие изјавиле дека значителен број војници го задржале оружјето издадено од војската по нивното враќање, кое или го чуваат дома или им го предале на други, и дека ова оружје оттогаш се користи против жените“[14]; Во Црна Гора, „во квалитативното истражување, жените изјавиле дека многу луѓе сè уште имаат пристап до огнено оружје по конфликтите во поранешна

5 Декларација за елиминација на насилството врз жените, прогласена со резолуција на Генералното собрание 48/104 на 20 декември 1993.

6 Повеќе информации се достапни на: https://rm.coe.int/168008482e

7 Истражување предводено од ОБСЕ (2019) во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, и во Косово. Повеќе информации се достапни во фусноти 9-15.

8 Ibid

9 Повеќе информации се достапни на: https://www.osce.org/secretariat/423470

10 Повеќе информации се достапни на: https://www.osce.org/secretariat/424985

11 Повеќе информации се достапни на: https://www.osce.org/secretariat/419264

12 Повеќе информации се достапни на: https://www.osce.org/secretariat/419750

13 Повеќе информации се достапни на: https://www.osce.org/mission-in-Косово/439781

14 Повеќе информации се достапни на: https://www.osce.org/secretariat/419750

Југославија и веруваат дека застапеноста на оружјето го зголемила бројот на насилни дела“[15].

Доминантната улога на огненото оружје во родовото насилство и неговото непропорционално влијание врз жените е исто така опширно документирано во податоците што СЕЕСАК ги собира преку својата платформа за следење на вооружено насилство (АВМП).[16] Неодамнешната анализа на податоците открива колку е распространето и постојано присутно семејното насилство поврзано со огнено оружје. Во периодот од 2019 до 2021 година, во Југоисточна Европа, повеќе лица биле убиени со огнено оружје во контекст на семејно насилство (101) отколку во кој било друг вид инцидент, вклучувајќи криминални ситуации (93) и јавни конфликти (93) и неидентификувани престрелки (87). Жените се несразмерно погодени од злоупотребата на огнено оружје во случаите на семејно насилство. Седумдесет и седум проценти (64 од 83) од сите жени убиени со огнено оружје во Југоисточна Европа во овој период биле убиени во контекст на семејно насилство, додека истото важи за 10% од мажите убиени со огнено оружје (37 од 361). Во контекст на семејното насилство, жените се најизложени на ризик од огнено оружје од своите сегашни или поранешни интимни партнери. Поточно, 57% од сите жени убиени со огнено оружје биле убиени од своите интимни партнери. Мажите, пак, најчесто биле убиени со огнено оружје од други машки членови на семејството.

Родовите аспекти на поседувањето огнено оружје, неговата злоупотреба и односот кон огненото оружје се детално обработени во истражувањето на СЕЕСАК, кое покажува дека:

- Мажите сочинуваат повеќе од 97% од сопственици на огнено оружје во ЈИЕ[17];
- Жените, почесто од мажите, сметаат дека огненото оружје е ризик или закана наместо средство за заштита на себеси и на семејството[18];
- Мажите се пропорционално почесто сторители отколку жртви на инциденти со огнено оружје. Жените се жртви неколкупати почесто

15 Повеќе информации се достапни на: https://www.osce.org/secretariat/424985

16 Платформата за следење на вооружено насилство (АВМП) е база на податоци што ја води СЕЕСАК, што собира податоци примарно од медиумските известувања за инциденти со огнено оружје што се случиле во Албанија, Босна и Херцеговина, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Косово, уште од 2014 година. За повеќе информации кликнете на следната врска: https://www.seesac.org/AVMP/

17 Види публикација на СЕЕСАК – „Мажи и огнено оружје во Југоисточна Европа: Брзи факти“ (Men and Firearms in South East Europe: Fast Facts) на следната врска: https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Men-and-Firearms-in-SEE_ENG_WEB.pdf

18 Ibid

отколку што се сторители на инциденти со огнено оружје, а нивната несразмерна застапеност меѓу жртвите се поврзува со злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство[19];

- Убиство од интимен партнер е најчестиот вид убиство на жени[20];

- Големиот процент на жени убиени со огнено оружје е одраз на големата смртност од огнено оружје во контекст на семејно насилство[21];

- Злоупотребата на огнено оружје во контекст на семејно насилство е седумпати повеќе фатална отколку во контекст на општ криминал.[22]

Покрај тоа што изискуваат одговор од институциите, горенаведените податоци исто така бараат и големо внимание во општеството и соодветна акција. Во овој контекст, медиумите може да играат важна улога за разјаснување на овој феномен за јавноста и на тој начин да придонесат кон негово спречување.

Во 2018 година, властите од Западен Балкан заеднички го развија и усвоија „Патоказот за одржливо решение за нелегално поседување, злоупотреба и недозволена трговија на мало и лесно оружје (МЛО) и нивна муниција во Западен Балкан (Патоказ) до 2024 година"[23], стратешки документ што ја претставува цврстата посветеност на регионот кон решавање на различни проблеми поврзани со огненото оружје. Намалувањето на понудата, побарувачката и злоупотребата на огнено оружје преку зголемена свест и едукација на јавноста за придружните ризици е една од седумте наведени цели на документот.

Со подлабоко проучување на состојбата на медиумското известување за феноменот на злоупотреба на огнено оружје во контекст на родово базирано насилство, идентификувајќи ги областите каде што е потребно подобрување и давајќи конкретни препораки, оваа анализа има за цел да придонесе за остварување на Патоказот.

19 Повеќе информации на следната врска: https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Policy-brief-Small-Arms-Control---The-Case-for-Gender-Mainstreaming.pdf

20 Види публикација на SEESAC за „Злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство во Југоисточна Европа: Брзи факти" (Misuse of Firearms in Domestic Violence in South East Europe: Fast Facts):
https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Misuse-of-firearms-in-SEE_ENG_WEB_FINAL_1.pdf

21 Ibid

22 Ibid

23 За повеќе информации погледнете на:
https://www.seesac.org/f/docs/publications-salw-control-roadmap/Regional-Roadmap-for-a-sustainable-solution-to-the_1.pdf

# Актуелна анализа на медиумско известување за родово-базирано насилство на мажи врз жени во регионот

Анализата пред вас е прва што го истражува медиумското известување за родово-базираното насилство на мажите врз жените на регионално ниво. Со исклучок на Србија[24], ова е првата анализа што го разгледува известувањето за огненото оружје во овој контекст. Иако темата на родово-базирано насилство на мажите врз жените беше предмет на неколку истражувања во регионот, не е подеднакво истражувана во сите јурисдикции. Претходните истражувања користеле различни методологии, што ја оневозможува целосната и директна споредба меѓу нив. Сепак, истражувањата идентификуваа исти трендови, кои се истакнати и во оваа анализа, укажувајќи на ограниченото разбирање на медиумите за родово-базираното насилство како општествен проблем. Подолу се наведени дел од главните заклучоци од претходните истражувања во секоја од јурисдикциите.

Во Босна и Херцеговина се спроведени три истражувања (во 2016[25], 2018 и 2020[26] година) на медиумските извештаи во овој контекст и како тие еволуирале во текот на тие години. Во последниот извештај се наведува дека „иако е забележан бавен напредок во оваа област... анализата на медиумските известувања покажува дека непрофесионалниот пристап и негативните практики се сè уште присутни кога се известува за оваа тема“. Извештајот од 2020 година конкретно наведува дека медиумите речиси никогаш не го препознаваат родово-базираното насилство на мажите врз жените како општествен проблем релевантен за општеството пред сè, а не само за оние што се директно засегнати од него.

**24** Погледнете ја анализата од Новинарки против насилството врз жените, со наслов „Анализа на медиумското известување за проблемот на насилство врз жени за периодот 2019 – 2021 година“, на следната врска: https://novinarkeprotivnasilja.org/wp-content/uploads/2022/04/Analiza-2019-2021.pdf

**25** За повеќе информации погледнете на: https://bit.ly/3Vl8ioD

**26** За повеќе информации погледнете на: https://bit.ly/3Vкнен8

Едно истражување од Северна Македонија за медиумското известување за фемицидот[27] наведува дека „медиумите имаат релативно низок капацитет да препознаат фемицид“; постои „значаен недостиг од вклучување на анализа на општествено-политичкиот контекст“; „медиумите не ја земаат предвид улогата на институциите во спречување и заштита од родово-базирано насилство, особено фемицид“; и повеќето медиуми користат сензационалистички јазик, а употребата на визуелни материјали во медиумските објави е несоодветна; во новинарските извештаи се прекршуваат неколку начела од Кодексот на новинарите на Македонија.

„При заштита на правото на приватност, еден од најважните етички проблеми е тоа што, по правило, се објавуваат имињата и презимињата на жртвите и на осомничените“[28], се наведува во еден од извештаите (2018) на оваа тема од Црна Гора. Во еден друг релевантен извештај (2022) се наведува дека „има мал број аналитички приказни за родово-базирано насилство, сексуално насилство врз жени и фемицид, кои најчесто се ставаат во контекст на индивидуален, а не општествен проблем“.[29]

Во Србија, неформалната група *Новинарки против насилство врз жените*[30] спроведе годишно истражување за медиумското известување за насилството врз жените од 2019 до 2021 година. Во нивната анализа[31] наведуваат дека медиумите вообичаено известуваат на ниво на индивидуален случај од овој тип на насилство. Медиумите ретко пишуваат за родово базирано насилство од мажи врз жени на холистички начин, како општествен феномен со цел да ја едуцираат јавноста за тоа. Наместо тоа вообичаено ја покриваат темата во комбинација со конкретен инцидент што се случил.[32] Групата идентификуваше и други трендови. „Во текот на

**27** Повеќе информации се достапни на: https://iks.edu.mk/en/research-analysis/femicide-in-macedonian-media/

**28** Повеќе информации се достапни на: https://www.mminstitute.org/wp-content/uploads/2022/02/ETICKI-IZAZOVI-U-ZASTITI-PRAVA-NA-PRIVATNOST-Finalno-za-stampu.pdf

**29** Повеќе информации се достапни на: https://www.undp.org/cnr/montenegro/publications/rodno-ogledalo-medija-u-crnoj-gori

**30** Повеќе информации се достапни на: https://novinarkeprotivnasilja.org

**31** Повеќе информации се достапни на: https://novinarkeprotivnasilja.org/wp-content/uploads/2022/04/Analiza-2019-2021.pdf

**32** Ibid

сите три години, најчесто прекршуван индикатор се однесува на откривање на идентитетот на преживеаната/жртвата и на членовите на нејзиното семејство. Додека во 2019 година секоја втора објава го прекршувала овој индикатор, во 2021 година оваа бројка е намалена на 40%.“[33] Нивното истражување покажува дека во секоја трета медиумска објава се објавени детали за чинот на насилство/убиство или изјави дадени од соговорници што не се релевантни од гледна точка на јавен интерес.[34]

Како резултат на работата на *Новинарки против насилство врз жените* и поддршката што им ја пружа УНДП, Србија е единствената јурисдикција во регионот што има податоци за медиумското известување за злоупотреба на огнено оружје во случаите на насилство врз жени. Релевантната анализа беше направена на примерок од медиумски извештаи од втората половина на 2019 година, од печатени и од електронски медиуми, како и од интернет-портали. Во анализата се утврдило дека помалку од 2% од медиумските извештаи се осврнуваат на проблемот на злоупотреба на огнено оружје како општествен феномен. Наместо тоа, без разлика на честотата на случување, тие се третираат како поединечни, засебни инциденти. Медиумите генерално ги покриваат овие инциденти како настани на денот и ретко се мотивирани да ги истражат и подетално да ги објаснат овие феномени.“[35]

Иако не може да се најде детална анализа на медиумските известувања за насилството врз жените во Косово, еден новинарски натпис што го анализира известувањето на медиумите укажува дека инцидентите на родово-базирано насилство вообичаено се објавуваат под делот за црна хроника, што покажува дека повеќето медиуми немаат родова перспектива во своите уредувачки политики[36].

**33** Ibid

**34** Ibid

**35** Повеќе информации се достапни на: https://novinarkeprotivnasilja.org/wp-content/uploads/2021/12/A-portrait-against-a-landscape-5.pdf

**36** Повеќе информации се достапни на: https://Kocoвotwopointzero.com/en/the-дarkнess-of-the-black-chronicles/

# Цел на анализата

**Цел на оваа регионална анализа е да истражи како медиумите во регионот[37] известуваат за феноменот на злоупотреба на огнено оружје во инциденти на родово-базирано насилство (РБН) од мажи врз жени.** Поконкретно, цел на анализата е да одговори на клучни прашања во врска со медиумското претставување инциденти, сторители и огнено оружје; како медиумите ги прикажуваат преживеаните/жртвите и насилството; користењето фотографии и визуелни материјали во извештаите на оваа тема; и до која мера медиумите ја извршуваат својата едукативна улога во однос на родово-базираното насилство и злоупотребата на огнено оружје.

При одредување и развивање на целта, методологијата и заклучоците на оваа регионална анализа, водечко начело беше правото на јавноста да знае. „Јавен интерес е она што им е важно на сите во општеството. Станува збор за општо добро, за општа добросостојба и безбедност на сите во заедницата на која ѝ служиме."[38] „Јавен интерес не е само она што читателите, слушателите или гледачите го сакаат како консументи или како луѓе што сакаат забава. Станува збор за прашања што ги засегаат сите, иако многумина не се свесни за тоа или иако се чини дека тоа не им е важно."[39]

При спроведувањето на анализата, целта беше да се истражи не само дали медиумите обрнуваат внимание на прашањето за родово-базирано насилство на мажи врз жени со злоупотреба на огнено оружје, туку и да се истражи природата на ова внимание, какви податоци и фотографии се користени во медиумските извештаи, како медиумите се однесуваат кон преживеаните и кон жртвите на родово-базирано насилство и како се однесуваат кон сторителите.

Конечно, авторите на анализата сакаа да утврдат дали медиумите ја извршуваат својата улога да информираат, да едуцираат и да бидат чувари, т.е. „да се стремат да ја зголемат транспарентноста и отчетноста на (...) јавните личности и на институциите (...) за да дадат поголема транспарентност на одредени прашања или настани."[40]

**37** Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Косово.
**38** Повеќе информации се достапни на: https://ethicaljournalismnetwork.org/the-public-interest
**39** Ibid
**40** Повеќе информации се достапни на: https://www.liberties.eu/en/stories/watchdog-journalism/43959

# МЕТОДОЛОГИЈА

# 03

# Примерок

Оваа регионална медиумска анализа опфати содржини од печатени медиуми и од интернет-портали, објавени во периодот од 1 јануари 2022 до 31 декември 2022 година во следните пет јурисдикции[41] од Западен Балкан: Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Косово.[42]

Медиумските содржини за сите јурисдикции беа добиени од CEECAK во форма на прес-клипинзи на локалниот јазик. Сите добиени прес-клипинзи содржат еден или повеќе од следните клучни зборови: пиштол, убиство, насилство, огнено оружје, повреда, криминал, куршум, експлозив, оружен грабеж и муниција. Вкупно беа добиени 24.949 медиумски објави за разгледување (Графикон 1).

Тимовите составени од новинари/истражувачи ги разгледаа сите собрани прес-клипинзи и ги одбраа оние поврзани со случаи на родово-базирано насилство на мажи врз жени и злоупотреба на огнено оружје од својата јурисдикција за подлабока анализа.

**Како резултат на ова, вкупно 1.484 медиумски извештаи беа избрани за подлабока анализа.**[43]

**БРОЈ НА МЕДИУМСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ИНЦИДЕНТИТЕ И ФЕНОМЕНОТ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА ОГНЕНИ ОРУЖЈА ВО СЛУЧАЈ НА РБН ОД МАЖИ ВРЗ ЖЕНИ**

ГРАФИКОН 1




**41** Албанија не беше вклучена во регионалната анализа бидејќи ОБСЕ во Албанија планираше да спроведе национална анализа на медиумското известување за родово-базирано насилство и огнено оружје во тој период, поради што се сметаше дека нема потреба од дуплирање.

**42** Анализираните извори во Косово ги вклучија само онлајн медиумите, бидејќи во 2022 година, годината што ја покрива оваа анализа, на Косово немаше печатени медиуми. Весникот „Коха диторе“ беше последниот извор на печатени медиуми во Косово, кој престана да се печати кога започна пандемијата на Ковид, кога премина во онлајн верзија.

**43** Анализираниот примерок не вклучува медиумски извештаи за конкретни случаи на насилство и злоупотреба на огнено оружје од други јурисдикции и региони, бидејќи целта на ова истражување беше да се анализира како медиумите од регионот ги третираат овие прашања на локално ниво.

# Ограничувања на анализата

Примерокот за анализата е репрезентативен, ги опфаќа сите медиумски извештаи што ги покриваат избраните теми, објавени во текот на 2022 година во петте релевантни јурисдикции. Во некои јурисдикции, како Северна Македонија, има релативно ограничен број медиумски извештаи за родово-базирано насилство на мажи врз жени и за злоупотреба на огнено оружје во разгледуваниот период. Од собраните 1.642 извештаи, 25 се занимаваат со ова прашање. И покрај овие ограничувања, примерокот останува репрезентативен, бидејќи ги содржи сите медиумски извештаи за истражуваниот феномен.

Треба да се напомене дека иако примерокот содржи само медиумски извештаи објавени во 2022, некои од овие извештаи се однесуваат на инциденти што се случиле пред 2022 година, без разлика дали тие биле решени или не.

Важно е да се нагласи дека резултатите прикажани подолу не треба да се толкуваат како број на конкретните случаи што се случиле. Овие вредности (бројки) ја одразуваат зачестеноста на медиумското известување за овие случаи, што главно е повисок број од инцидентите што се случиле.

# Истражувачка терминологија

Оваа анализа на медиумите се занимава со феноменот на родово-базирано насилство на мажи врз жени со злоупотреба на огнено оружје.

**Феноменот на родово-базирано насилство на мажи врз жени** ги опфаќа сите форми на насилство врз жените од страна на мажи, извршени поради родот на жртвата, т.е. затоа што се жени.

**Односот помеѓу сторителот и преживеаната/жртвата** може да се разликува и ги опфаќа следните односи: врска со интимен партнер (венчани и невенчани (сегашни или поранешни)партнери, што живеат во истото или во одделно домаќинство), семејни врски (на пр. татко-ќерка, син-мајка, зет-баба итн.). Природата на врската може да биде и релативно површна (на ниво на познанство) или дури и непостоечка (на пр. во ситуации на демнење од непознат маж).

За целите на оваа анализа, злоупотребата на **огнено оружје** ја опфаќа и злоупотребата на експлозиви.

Феноменот на **родово-базирано насилство на мажи врз жени со злоупотреба на огнено оружје** исклучува ситуации каде што жената е случајна жртва на истрел од оружје (на пр. славеничко пукање или судири помеѓу криминални групи, при што жените се загрозени/повредени/убиени). Овие ситуации не се родово-базирани, т.е. не е целта да се загрозат/повредат/убијат жените само затоа што се жени. Меѓутоа, ако примарната жртва е жена и таа била цел поради нејзиниот пол/род, а и други лица се повредени во нападот, тогаш ова се смета за родово-базирано насилство.

Анализата разгледа различни **видови насилство** со употреба на огнено оружје, а некои од нив се преклопуваат. Тука спаѓаат убиство (смрт од огнено оружје), физичко насилство (на пр. удар или повреда со огнено оружје), сексуално насилство (на пр. принуда на несакана сексуална активност со закана со огнено оружје), психолошко насилство (на пр. закани и заплашување со огнено оружје) и економско насилство (на пр. контрола на пристапот до пари преку закана со огнено оружје).

**Злоупотребата на огнено оружје** во родово-базирано насилство на мажи врз жени опфаќа неколку видови ситуации: закана дека ќе се употреби огнено оружје, удар со огнено оружје, истрелување и нанесување повреди или убиство со огнено оружје. Исто така, самото присуство на огнено оружје спаѓа под злоупотреба на огнено оружје, бидејќи неговото присуство предизвикува страв кај преживеаните/жртвите и им дозволува на сторителите да воспостават контрола врз нив, иако оружјето никогаш не било употребено.

Мора да се нагласи една дополнителна забелешка во врска со терминологијата што се користи во анализата: изразот „преживеани" се однесува на жените што биле изложени на насилство овозможено со огнено оружје како што е погоре дефинирано, додека изразот „жртви" се однесува на жени што биле убиени.

Потребно е да се разјаснат уште неколку концепти за да се обезбеди правилно разбирање на препораките од анализата. **Нерелевантни соговорници** се лица чии изјави немаат информативен, превентивен или едукативен придонес во медиумското известување и чие единствено значење е да го засилат сензационалниот карактер на приказната, со што се нарушува приватноста на преживеаните/жртвите и/или нивните семејства, што е експлицитно забрането според новинарскиот етички кодекс во целиот регион.

Слично на тоа, **нерелевантни детали** се оние кои, иако можеби се интересни за одредени сегменти од јавноста, не се од јавен интерес. Нивните ефекти се негативни и може да вклучуваат: засилување на сензационализмот во медиумскиот извештај, потенцијално загрозување на истрагата и гонењето на сторителот, нарушување на приватноста на жртвата/преживеаниот и/или нивните семејства, одвлекување на јавниот фокус од овој длабоко проблематичен општествен феномен и, наместо тоа, десензибилизирање на читателите кон насилството, поставувајќи ги во улога на воајери и судии и сл.

**Несоодветната визуелизација на огненото оружје** ги опфаќа сите случаи во кои тоа се прикажува како моќно и доминантно, каде се велича и промовира, а недостасува критичко размислување за последиците од неговата злоупотреба.

Од друга страна, **несоодветна/несоодветна визуелизација** на насилството е онаа каде што се открива идентитетот на жртвите, се прикажуваат ирелевантни детали за насилство, како што се мртви тела, крв, телесни повреди, какви било визуелни снимки што ја прикажуваат жртвата во немоќна и сторителот во доминантна позиција или каде се прикажани симулации на насилство. Во оваа категорија спаѓаат и фотографии на кои преживеаниот/жртвата и сторителот се прикажани заедно преку фото-уредување. Ваквите визуелизации ја десензибилизираат јавноста кон насилството, можат да придонесат за негово промовирање и се трауматизирачки за оние што го преживеале насилството.

# Истражувачка методологија и показатели

На следната табела се прикажани показателите/прашањата што се користеа за анализа на содржината на медиумските извештаи. Подетални објаснувања за секој показател се дадени во табела во Анекс 1.

При дизајнирање на методологијата се раководевме од најважното начело во медиумската работа – да се обезбедат информации од јавен интерес, особено во однос на феноменот на злоупотреба на огнено оружје во родово-базирано насилство на мажи врз жени, што е многу специфичен контекст и кој, според мислењето на авторите на анализата, е недоволно застапен во повеќето области на јавни политики, образование и превенција. За развивање соодветна методологија беше искористена постоечката добра пракса за следење на медиумското известување за родово базирано насилство. Како основа за методологијата на оваа анализа беа користени индикаторите што ги разви групата „Новинарки против насилството врз жените“ за нивните медиумски анализи[44] спроведени во Србија, дефинирани во согласност со новинарскиот етички кодекс. Индикаторите беа дополнително проширени за да вклучат дополнителни податоци кои се однесуваат на известувањето за огнено оружје и насилство поврзано со него.

| **Општи показатели** |
| --- |
| Име на медиумот |
| Датум на медиумскиот извештај |
| Вид медиум |
| Име на новинарот |
| Наслов на медиумскиот извештај |
| **Показатели за конкретни настани што се анализираат** |
| Дали темата на медиумскиот извештај е конкретен инцидент, феноменот на насилство/злоупотреба на огнено оружје или ги покрива двете информации? |

44 Повеќе информации се достапни на: https://novinarkeprotivnasilja.org/publikacije/

| |
|---|
| Дали медиумскиот извештај е оригинално дело на новинар или е соопштение/изјава дадена од Министерството за внатрешни работи и/или од Обвинителството, или двете? |
| Микролокација на инцидентот |
| Макролокација на инцидентот |
| Врска меѓу преживеаната/жртвата и сторителот |
| Начин на злоупотреба на огненото оружје |
| **Показатели за информации објавени од медиумите, што се однесуваат на сторители и огнено оружје** |
| Достапност на информации за видот и бројот на огнено оружје |
| Достапност на информации за правниот статус на поседуваното огнено оружје |
| Достапност на информации за претходната историја на сторителот со насилно однесување |
| Достапност на информации за историјата на сторителот со злоупотреба на огнено оружје |
| Достапност на информации за можните врски со војни/вооружени конфликти |
| Достапност на информации за институционалните последици од злоупотреба на огнено оружје |
| Медиумскиот извештај содржи изјава од релевантните институции/експерти |
| Чија е изјавата? |
| Дали медиумскиот извештај содржи фотографии/видеоснимки што го прикажуваат огненото оружје на несоодветен начин, така што тоа се глорифицира или се прикажува моќта на оружјето, без никаква критичка размисла во визуелниот приказ? |
| Дали медиумскиот извештај ја исполнува својата едукативна улога во однос на феноменот на злоупотреба на огненото оружје? |
| **Показатели за известувањето за насилство врз жени и злоупотреба на огнено оружје** |
| Дали медиумскиот извештај го открива идентитетот на преживеаната/жртвата и/или на членовите на семејството? |
| Дали медиумскиот извештај ја префрла одговорноста за насилството од сторителот на жртвата/преживеаната? |
| Дали медиумскиот извештај содржи информации што би можеле да го оправдаат чинот на насилство со надворешни околности или со личните карактеристики на сторителот? |

| |
|---|
| Дали медиумскиот извештај открива детали за чинот на насилството/убиството или изјави од соговорници што не се релевантни за чинот? |
| Дали медиумскиот извештај користи сензационалистички или стереотипни изрази за насилството, за преживеаната/жртвата и/или за сторителот? |
| Дали медиумскиот извештај го минимизира или го исмева насилството или укажува на недоверба кон жртвата/преживеаната? |
| Дали насловот/најавата на медиумскиот извештај прекршува некој од горенаведените показатели? |
| Дали медиумскиот извештај содржи фотографии/видеоснимки што го прикажуваат насилството, жртвите и/или сторителите на несоодветен и стереотипен начин? |
| Дали медиумскиот извештај јасно посочува дека родово-базираното насилство на мажи врз жени е општествен проблем што произлегува од нееднаквата моќ меѓу мажите и жените? |
| Дали медиумскиот извештај ја исполнува својата едукативна улога во однос на феноменот на родово-базирано насилство на мажи врз жени? |

# РЕЗУЛТАТИ ОД РЕГИОНАЛНАТА АНАЛИЗА

04

# Општи информации

Вкупниот број медиумски извештаи за злоупотреба на огнено оружје во регионот што ги достави СЕЕСАК е 24.949. Од нив, 1.484 (6%) беа за родово-базирано насилство на мажи врз жени со употреба на огнено оружје.

Од добиените податоци, јасно е дека онлајн медиумите доминираат во покритието на оваа тема. Од 82% во Црна Гора и Србија до 96% во Северна Македонија, медиумските извештаи за родово-базирано насилство на мажи врз жени со употреба на огнено оружје беа главно објавени на онлајн медиуми (85% во просек за целиот регион; Графикон 2).[45]

Ова делумно може да се објасни со тенденцијата на онлајн медиумите во регионот да продуцираат повеќе содржина отколку печатените медиуми. Исто така, информациите за одредени инциденти во примерокот беа објавени во серија онлајн статии, честопати сите објавени истиот ден и кои често се разликуваат само по насловот и една (новодобиена) информација. Исто така, многу печатени медиуми имаат и свои онлајн портали, што резултира со уште повеќе содржина од онлајн порталите во анализата.

Вреди да се напомене дека единствената значајна разлика во природата на известувањето меѓу онлајн и печатените медиуми е употребата на сензационализам и нерелевантни детали, кои се многу поистакнати кај онлајн медиумите.

**МЕДИУМСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА РБН СО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ОБЈАВЕНИ ОД ОНЛАЈН И ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ**

ГРАФИКОН 2




45 Во временскиот период покриен со оваа Анализа, во Косово немаше печатени медиуми. Поради оваа причина, во Косово, 100% од прегледаните написи беа пронајдени на интернет.

Во однос на темата на поединечни медиумски извештаи (Графикон 3), очигледно е дека медиумите претежно ги покриваат овие теми кога ќе се случи конкретен инцидент и дека во просек, само 5% од разгледуваните медиумски извештаи се занимаваат со феноменот на родово-базирано насилство на мажи врз жени со употреба на огнено оружје без да бидат поттикнати од конкретен инцидент. Во исто време, дури и кога конкретен инцидент бил причина да се пишува на оваа тема, во просек 3% од медиумските извештаи го искористиле ова како можност да дадат поразработена слика за феноменот.

Ова може да се објасни со недостиг на време/интерес на самите новинари, или со уредувачките политики на медиумите за содржината што треба да се објави. Оваа ситуација, исто така, отвора прашања во врска со свеста на медиумите за проблемот, потенцијалното незнаење во индустријата за овие прашања и нивната подготвеност и ресурси да истуркаат истражувачки стории што ќе фрлат светло врз феноменот на родово-базирано насилство.

**ТЕМА НА МЕДИУМСКИОТ ИЗВЕШТАЈ**

ГРАФИКОН 3




Изворите на информации што вообичаено се користат во медиумските извештаи (Графикон 4) значително се разликуваа меѓу јурисдикциите. Истражувачите забележаа дека некои статии се состојат претежно од јавно достапни службени соопштенија и/или изјави дадени од МВР, Министерството за правда, невладини организации или министерството

за одбрана. Од друга страна, беа разгледани и извештаи засновани на оригинална истражувачка работа на новинарите. Преостанатите статии беа такви каде новинарите користеле мешавина од двата типа извори. Според истражувачките новинари, високата застапеност на оригинални текстови во Србија (82%) е резултат на тоа што многу медиумски извештаи вклучуваат изјави од анонимни извори, кои наводно се од релевантни институции, но не може да се потврди нивната дефинитивна поврзаност. Во другите јурисдикции околу половина од медиумските извештаи се состојат од соопштенија за медиумите/информации од МВР (Северна Македонија 52%) или извештаи што комбинираат официјални изјави и оригинална новинарска работа (Босна и Херцеговина, 57%; Косово, 48%).

Суштински наод релевантен за сите јурисдикции е отсуството на официјални соопштенија од НВО и меѓународни организации (што не треба да се меша со индивидуални изјави од претставници на НВО, прикажано на Графикон 15). Ова значи дека овие организации или не објавиле никакви изјави во врска со родово-базирано насилство на мажи врз жени со употреба на огнено оружје во текот на 2022 година или медиумите не ги цитирале. Во секој случај, квалитетот на медиумското известување би се зголемил со вклучување на експертизата на релевантните актери од НВО и МО, и резултатите од анализата јасно посочуваат дека е потребно подобрување во оваа област.

**ВИД МЕДИУМСКИ ИЗВЕШТАЈ**

ГРАФИКОН 4



# Претставување конкретни инциденти, сторители и огнено оружје во медиумите

Податоците во ова поглавје се однесуваат само на медиумските извештаи што покриваат специфични инциденти кои дискутираат за феноменот на родово-базирано насилство на мажи врз жени со злоупотреба на огнено оружје.

Повеќето медиумски извештаи за родово-базирано насилство на мажи врз жени со употреба на огнено оружје се фокусираат на случаи со убиство. Во просек, 59% од сите регионални медиумски извештаи во набљудуваниот период се однесуваат на овој конкретен начин на злоупотреба на огнено оружје (Графикон 5), освен во Северна Македонија, каде што не се известувало за вакви инциденти. За употребата на огнено оружје за физички задавање удар на жртвата, не е известувано во ниту една од јурисдикциите, со исклучок на Косово (во 2% од написите). Присуството на огнено оружје како алатка за закани, заплашување, контрола и/или изолација на жртвите/преживеаните е претежно незастапено, со исклучок на Северна Македонија, каде што се споменува во речиси половина од анализираните медиумски извештаи. Овој аспект го има само во 10% од медиумските извештаи во Црна Гора и во Косово и само 9% во извештаите во Србија. Имајќи ги на ум статистичките податоци за релативно висок процент на злоупотреба на огнено оружје во родово-базираното насилство во регионот, може да се заклучи дека за овој феномен не се известува доволно. Иако смртоносниот исход од злоупотребата на огнено оружје несомнено заслужува специјално внимание, има доволно простор за медиумите да известуваат и за други начини на злоупотреба на огнено оружје и да ја документираат и да ја нагласат тенденцијата на зголемување на насилството со текот на времето, што често може да кулминира со смрт. Ако потемелно известуваат за овие инциденти, медиумите подобро ќе ја исполнат својата задача за информирање и за едуцирање на јавноста за различните начини на кои се злоупотребува огненото оружје. Исто така, ваквото посакувано известување е важно затоа што се почитуваат нормите за етичко известување.

## НАЧИН НА ЗЛОУПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

ГРАФИКОН 5




## Извадоци од медиумски извештаи/наслови што илустрираат како медиумите известуваат за начинот на злоупотреба на огнено оружје:

> Впери пушка во жена со бебе и ѝ се закануваше дека ќе ја убие и неа и себе.
>
> 27. 9. 2022, печатен медиум од Босна и Херцеговина.

> На 22.8.2022 во 18.00 часот, во Полициската станица Кисела Вода, Е.А. од с. Љуботен, Скопско, пријавила дека околу 13.30 часот Е.Р. од с. Љуботен од огнено оружје пукал кон нејзината куќа, при што биле направени оштетувања на куќата. Се работи на расчистување на случајот.
>
> 24. 8. 2022, веб-портал од Северна Македонија.

Повеќето случаи на родово-базирано насилство на мажи врз жени со употреба на огнено оружје за кои медиумите известиле во дадениот период се случиле во приватен простор – домаќинство, стан, куќа и куќен двор – од 90% на медиумските извештаи во Северна Македонија до 57% во Босна и Херцеговина (Графикон 6). Единствен исклучок е Косово, каде што приближно една третина од медиумските извештаи се однесуваат на инциденти што се случиле на улица (вклучително и на тротоар и на паркинг), додека во приближно една третина немало информација за микролокацијата на настанот. Во сите други јурисдикции, ниту една од другите понудени микролокации (затворен јавен простор, улица, кафуле, шума, итн.) не се наведени во повеќе од 10% од извештаите. Ова дополнително ја зацврстува приватната сфера или домаќинството како место со најголем ризик за ескалација на насилството врз жените.

**МИКРОЛОКАЦИЈА НА НАСТАНОТ**
ГРАФИКОН 6




Врската помеѓу жртвата/преживеаната и сторителот (Графикон 7) обично се открива во медиумските извештаи, од 90% од статиите во Црна Гора до 61% во Босна и Херцеговина. Повеќето статии наведуваат дека вклучените страни биле интимни партнери (венчани или невенчани; поранешни или сегашни). Единствен исклучок е Северна Македонија, каде што во приближно половина од медиумските извештаи се наведува дека биле познајници (52%).

**ВРСКА ПОМЕЃУ ПРЕЖИВЕАНАТА /ЖРТВАТА И СТОРИТЕЛОТ**

ГРАФИКОН 7




Со оваа анализа се настојува да се заштити јавниот интерес преку пренесување на релевантни детали за инциденти со злоупотреба на огнено оружје во контекст на родово-базирано насилство на мажи врз жени. Но, важно е да се напомене дека овие релевантни детали не содржат детали за облеката на жртвата, нивни приватни фотографии итн. (види дел – Како медиумите ги претставуваат преживеаните/жртвите и насилството). Детали што јавноста има право да ги знае и кои се од јавен интерес опфаќаат вид и број на употребено огнено оружје, правен статус на оружјето, информации за претходна историја на насилно однесување и/или злоупотреба на огнено оружје, неговата/нивната поврзаност со актуелни и минати вооружени конфликти, како и одговорот на институциите на нивните кривични дела. Со наведување на ваквите конкретни детали, медиумите треба да одиграат важна улога и да го расветлат феноменот генерално. Исто така, имаат и конструктивна улога за да го разбере јавноста проблемот подобро, при обликување на перцепциите, со што се влијае врз постапките на преживеаните, на релевантните институции и на пошироката јавност. Овој пристап ќе им овозможи на медиумите да ја подобрат способноста и подготвеноста на сите да бараат предупредувачки знаци и шеми на насилство, како и можни ризици од нивна ескалација, со што се придонесува за превенција на ваквото насилство. Но, наодите од оваа анализа покажуваат дека овие информации вообичаено се недоволно застапени во медиумските извештаи.

Во повеќето јурисдикции опфатени со анализата, медиумските извештаи содржат информации за видот на злоупотребеното огнено оружје во нешто повеќе од половина од објавените стории (Графикон 8) – 55% во просек. Една третина од медиумските извештаи го наведуваат видот и бројот на злоупотребено огнено оружје. Сепак, правниот статус на огненото оружје во регионалните вести останува претежно неспоменат (Графикон 9), при што нешто повеќе од една четвртина од медиумските извештаи содржат информации за овој аспект (од 6% во Босна и Херцеговина до 38% во Северна Македонија и во Црна Гора).

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВИДОТ И БРОЈОТ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ**

ГРАФИКОН 8



## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРАВНИОТ СТАТУС НА ОГНЕНОТО ОРУЖЈЕ

ГРАФИКОН 9




** Категоријата „Двете" се однесува на оние случаи кога се употребени или пронајдени повеќе парчиња огнено оружје и тие имаат различен правен статус.*

## Извадоци од медиумските извештаи што илустрираат позитивни примери на медиуми што вклучуваат информации за видот и бројот на злоупотребено огнено оружје во еден инцидент, или нивниот правен статус:

Синоќа истражителите од полициска станица Подуево приведоа лице за семејно насилство, при што најдоа и запленија автоматска пушка АК47 и пиштол, три шаржери, 35 куршуми, метална шипка итн.

Како што соопшти полицијата, осомничениот Н.С., маж на 37 години, бил однесен во полициска станица и во консултација со обвинителот, бил приведен на 48 часа, а беше отворен случај за семејно насилство и недозволено поседување и контрола на оружје.

3. 12. 2022, веб-портал од Косово.

Според наводите во пресудата, во текот на судењето е докажано дека на 19 мај 2020 година во Подгорица, Ј. под закана со пиштол, ја принудил поранешната девојка на сексуален однос.

Како што се наведува во едно од решенијата за продолжување на притворот на Ј.*, девојката раскажала дека обвинетиот дошол во нејзината куќа со оружје и со закани ја натерал на сексуален однос.

Исказот на девојката беше потврден од нејзината мајка пред судот, која кажа дека ќерката ја известила со порака дека во куќата дошло поранешното момче и дека со себе има пиштол.

Стравувајќи за животот на ќерката, мајката веднаш ја известила полицијата.

Истиот ден, полициска патрола околу 15 часот го запрела Ј и при претрес на автомобилот нашла пиштол „ЦЗ“ со четири куршуми во рамката.

*Во статијата се откриени лични податоци, но од етички причини тие не се објавени во овој текст.

9.7.2022, веб-портал од Црна Гора.

Вишото јавно обвинителство во Белград поведе обвинение против В.М.* (42) под сомнение дека на 25 јуни оваа година во Гроцка, во алкохолизирана состојба, на поранешната вонбрачна сопруга Н.К. ѝ се заканувал со пиштол во присуство на нејзиниот татко и брат, ја навредувал, ѝ се заканувал со самоубиство, а во таа пригода истрелал еден куршум од пиштол, за чие поседување и носење нема дозвола.

*Во статијата се откриени лични податоци, но од етички причини тие не се објавени во овој текст.

4.8.2022, веб-портал од Србија.

Повеќе од две третини од анализираните медиумски извештаи во регионот, објавени во дадениот период не содржат информации за тоа дали сторителот имал претходна историја на насилно однесување и/или злоупотреба на огнено оружје (Графикони 10 и 11). Овие информации се од суштинска важност, а медиумите имаат право да ги побараат од релевантните институции, како и појаснување за нивните постапки во одговор на ваквото однесување. На овој начин, медиумите би можеле да разоткријат потенцијални недостатоци во заштитата на населението и да поттикнат промени.

**ДАЛИ КАЈ СТОРИТЕЛОТ ПОСТОИ ПРЕТХОДНА ИСТОРИЈА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ?**

ГРАФИКОН 10



**ДАЛИ КАЈ СТОРИТЕЛОТ ПОСТОИ ПРЕТХОДНА ИСТОРИЈА НА ЗЛОУПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ?**

ГРАФИКОН 11




## Извадок од медиумски извештај во кој се открива претходното насилно однесување на сторителот:

Според оцената на обвинителството, Ш.* била цел на обвинетиот Ѓ.* затоа што одбивала да ја обнови вонбрачната врска прекината неколку месеци претходно, наведува Побједа. Во тоа време, обвинетиот Ѓ. ја прогонувал Ш, праќал пораки преку лажни профили, се заканувал, зборувал дека меѓу нив не е готово и дека нејзиниот живот е во негови раце. Заканите упатени кон Ш. се оствариле во последниот ден на септември минатата година, кога Ѓ. дошол пред нејзината семејна куќа и од пиштол од непозната марка пукал во 19-годишната девојка, по што таа му повторила дека не сака да живее со него и дека не го сака.

*Во статијата се откриени лични податоци, но од етички причини тие не се објавени во овој текст..

2.3.2022, веб-портал од Црна Гора.

Иако регионот има понова историја на вооружени конфликти, поради што се претпоставува дека цивилното население има полесен пристап до огнено оружје, медиумите покажуваат минимален интерес да ги истражат можните врски меѓу овие остатоци од вооружени конфликти и родово-базираното насилство со користење огнено оружје (Графикон 12). Со исклучок на Косово, каде што 35% од разгледуваните написи експлицитно наведуваат дека конкретните инциденти не се поврзани на ниту еден начин со конфликти, повеќето медиумски извештаи во регионот не го земаат предвид овој аспект. Ова значи дека медиумското известување може да се подобри во однос на објавување информации релевантни за пост-конфликтни општества и за потенцијални врски меѓу поновата историја во регионот и присуството на родово-базирано насилство на мажите врз жените. Како што е наведено во Воведот, истражувањата за насилство врз жените од Западен Балкан[46] ги нагласија карактеристиките на постконфликтниот контекст – најсуштинска е „голема достапност на огнено оружје за време и по оружените конфликти"[47]. Истражувањата покажуваат дека поранешни војници го задржале ова огнено оружје и тоа се користи против жени по конфликтите. „Игнорирањето на пост-конфликтното насилство во фазата на реконструкција, може да го попречи општественото заздравување, отпорност и економското закрепнување на една нација"[48], вели авторот на едно истражување што проучува три земји погодени од конфликт: Брегот на Слоновата Коска, Кенија и Либерија.

**46** Погледнете фусноти 4 – 15.

**47** Повеќе информации се достапни на: https://www.osce.org/secretariat/419750

**48** Повеќе информации се достапни на: https://blogs.worldbank.org/dev4peace/ripple-effects-war-how-violence-can-persist-after-formal-peace-declared

## ДАЛИ ПОСТОИ ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ ИНЦИДЕНТОТ И ПРЕТХОДНИ ИЛИ СО АКТУЕЛНИ ВООРУЖАНИ КОНФЛИКТИ/ВОЈНИ?

ГРАФИКОН 12




### Извадок од медиумски извештај што го поврзува актуелниот проблем со родово-базирано насилство на мажи врз жени со употреба на огнено оружје и поновата историја на конфликти:

> Во контекст на фактот дека жените страдаат при семејно и партнерско насилство со огнено оружје во повоениот период, од мажи што биле на бојното поле на просторот на поранешна Југославија, го прави проблемот уште поизразен и подлабок, особено затоа што носители на власта се токму оние што во текот на 90-тите имале значајни улоги и учествувале во воената политика.
>
> 7.10.2022, печатен медиум од Србија.

Важно прашање што анализата се обиде да го истражи е медиумското известување за институционалниот одговор на злоупотреба на огнено оружје во случаи на родово-базирано насилство на мажи врз жени (Графикон 13). Иако повеќе од 80% од разгледуваните медиумски извештаи во регионот пишуваат за одговорот од надлежните институции против сторителите по случувањето на одреден инцидент, истражувачите исто така нагласуваат дека во поголемиот број случаи медиумските известувања ги покриваат само првичните преземени мерки и не го следат случајот до неговото правно решавање. Така, повеќето санкции споменати во извештаите се однесуваат на апсења или на обвиненија што се случиле во деновите непосредно по инцидентот. Бидејќи судските процеси траат долго, медиумите обично го губат интересот. Како резултат на ова, само во мал број извештаи се наведени конечните судски пресуди.

**ДАЛИ НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ПОСТАПИЛЕ ПО ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ?**

ГРАФИКОН 13



**Примери на медиумски наслови што илустрираат како тие известуваат за институционалните реакции на насилство, меѓутоа се однесуваат примарно на почетните фази, а не на нивното решавање:**

> Детали за злосторството во Котор Варош:
> Уапсен осомничен за убиство на својата сестра.
>
> 6.2022, веб-портал од Босна и Херцеговина.

> Ја повредил сопругата додека го чистел пиштолот
> – Обвинителството поведе истрага за Арачиновец.
>
> 28.8.2022, веб-портал од Северна Македонија

Кога станува збор за вклучување изјави на релевантни експерти од различни јавни институции, НВО, МО итн. во медиумските извештаи (Графикон 14), ситуацијата се разликува во регионот. Во забелешките на релевантните институции од сите јурисдикции, особено Србија, се потенцира честото користење непознати извори, како на пример „извори блиски на истрагата", на кои не може целосно да им се верува, особено кога се откриваат „шокантни детали". Иако идентитетот на овие извори не е познат, се претпоставува дека тие се најверојатно познајници на преживеаните и/или на сторителите, или дека се дури и претставници на институциите што работат на случајот.

Мнозинството релевантни изјави во регионот доаѓаат од министерствата за внатрешни работи, по што следуваат обвинителствата (Графикон 15). Но, со оглед на релативно нискиот процент на вакви изјави, како што може да се види во Графикон 14, особено во некои од јурисдикции, постои простор за подобрување на соработката меѓу медиумите и институциите. Очигледно е потребно и да се подобри соработката меѓу медиумите и НВО и меѓународните организации што работат во областа на превенција на родово-базирано насилство на мажи врз жени и/или злоупотреба на огнено оружје. Иако се можни извори на релевантни податоци, објаснувања и експертски мислења, нивните ставови ретко се гледаат во медиумските извештаи, што може да укажува на тоа дека новинарите не покажуваат иницијатива да ги побараат овие експерти или дека експертите не се подготвени да дадат информации.

## МЕДИУМСКИ ИЗВЕШТАИ ШТО СОДРЖАТ ИЗЈАВИ ОД РЕЛЕВАНТНИ ЕКСПЕРТИ

ГРАФИКОН 14




## РЕЛЕВАНТНИ ИЗЈАВИ ОД ИНСТИТУЦИИ И ОД ЕКСПЕРТИ

ГРАФИКОН 15



# Претставување на преживеаните /жртвите и на насилството во медиумите

Податоците укажуваат на тоа дека честото откривање на идентитетот на преживеаните/жртвите, на нивните деца и на членови на семејството, претставува значителен проблем (Графикон 16). Овој проблем е особено застапен во медиумите во Црна Гора и во Србија, каде што идентитетот е откриен во повеќето анализирани извештаи (86%, односно 62%). Во повеќе од половина од медиумските извештаи во Босна и Херцеговина (55%) и во Косово (63%), идентитетот на преживеаните/жртвите и на нивните семејства е заштитен, но сепак има многу простор за напредок. Северна Македонија се издвојува како исклучок во овој поглед, каде што не се најдени медиумски извештаи во кои се откриени идентитетите на жртвите/преживеаните. Сепак, како што предупредија истражувачите од Северна Македонија, овој наод треба да се земе со одредена резерва, бидејќи примерокот на медиумски извештаи беше релативно мал и може да даде премногу позитивна и искривена слика за третманот на жртвите на родово базирано насилство со огнено оружје во оваа јурисдикција.

**ОТКРИЕН ИДЕНИТЕТ НА ПРЕЖИВЕАНАТА /ЖРТВАТА И/ИЛИ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВОТО**

ГРАФИКОН 16




Префрлање на одговорноста од сторителот на преживеаната/жртвата (Графикон 17) е присутно во приближно една петтина од медиумските извештаи во јурисдикциите, со најголем процент во Србија (27%) и во Црна Гора (16%). Многу сличен образец може да се забележи и кај тенденцијата на медиумите да го минимизираат/исмеваат насилството и да покажат скептицизам кон преживеаната/жртвата, каде што една петтина од сите медиумски извештаи

во регионот содржеле ваков јазик (Графикон 18). Еднакво обесхрабрува податокот во однос на оправдување на насилството врз основа на надворешни околности или на личните карактеристики на сторителот (Графикон 19), што е присутно кај приближно една третина од анализираните медиумски извештаи од регионот. Оваа практика повторно е најмногу застапена во статии објавени во Србија (41%), по што следуваат оние од Црна Гора (24%). Во однос на двете прашања на префрлање одговорност и оправдување на насилството, не се најдени вакви случаи во медиумските извештаи во Северна Македонија.

**ПРЕФРЛАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА ЗА НАСИЛСТВОТО ОД СТОРИТЕЛОТ НА ПРЕЖИВЕАНАТА/ЖРТВАТА**

ГРАФИКОН 17




**МИНИМИЗИРАЊЕ ИЛИ ИСМЕВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И/ИЛИ НЕДОВЕРБА КОН ПРЕЖИВЕАНАТА/ЖРТВАТА**

ГРАФИКОН 18




**ОПРАВДУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО СО НАДВОРЕШНИ ОКОЛНОСТИ ИЛИ СО ЛИЧНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТОРИТЕЛОТ**

ГРАФИКОН 19




**Извадоци од медиумски наслови и извештаи што илустрираат како медиумските извештаи се подбиваат со насилството и/или ја префрлаат одговорноста за насилството од сторителот на надворешни околности или на личните карактеристики на сторителот:**

ЦРН БИЛАНС: Убиени поради расправии и љубов, клановите мирувале.

2.1.2022, веб-портал од Црна Гора.

**Што се знае за злосторството во Универзитетскиот клинички центар: Убиство на жената што не успеала да стане мајка, мажот што ја убил е сè уште на слобода.**

30.11.2022, веб-портал од Косово.

**ЈУЛИ Е НАЈКРВАВИОТ МЕСЕЦ ВО ГОДИНАТА: Овие злосторства ја ЗГРОЗИЈА цела Србија, монструмите се АКТИВИРААТ НАЛЕТО?**

6.7.2022, веб-портал од Србија.

**Ја бакнал, па ја убил**

9.1.2022, печатен медиум од Србија.

**РАКИЈАТА ГЛАВЕН ВИНОВНИК?! Злочин на Бадник кај Свијанац, има црна заднина – Д* не пиел 20 години!**

*Во статијата се откриени лични податоци, но од етички причини тие не се објавени во овој текст.

9.1.2022, веб-портал од Србија.

Особено алармантни се податоците во врска со откривање нерелевантни детали за конкретни чинови на насилство или изјави од нерелевантни соговорници (Графикон 20), како користење сензационалистички и/или стереотипен јазик кога се зборува за насилството, за преживеаните/жртвите и/или за сторителите (Графикон 21). Секој од овие елементи беше присутен во приближно половина од медиумските извештаи во регионот. Највисока стапка на оваа лоша практика е забележана во статиите објавени во Србија, каде што повеќе од половина од анализираните медиумски извештаи користеле сензационалистички изрази и речиси две третини откриле нерелевантни информации. Иако кај медиумските извештаи во Северна Македонија не е регистрирано неетичко известување за претходните показатели, кај 4% имало сензационалистички елементи. Забелешките на истражувачите од сите јурисдикции укажуваат на тоа дека овој вид неетичко известување е главно застапен во статии што се оригинално дело на новинарите, за разлика од оние во кои новинарите првенствено се потпираа на официјални изјави и соопштенија за печатот од одговорните органи, НВО или МО. Во овие статии, новинарите сакаат да опфатат што е можно

повеќе (нерелевантни) детали (кои обично ги даваат соседи или членови на семејството, наместо службени лица) и користат сензационалистички фрази за да ги привлечат читателите со „вознемирувачки детали“, „шокантни изјави“ и „скандалозни вести“ што ги нема во другите медиуми.

### ОТКРИВАЊЕ НЕРЕЛЕВАНТНИ ДЕТАЛИ ЗА ЧИНОСТ НА НАСИЛСТВО ИЛИ ИЗЈАВИ ОД НЕРЕЛЕВАНТНИ СОГОВОРНИЦИ

ГРАФИКОН 20




### УПОТРЕБА НА СЕНЗАЦИОНАЛИСТИЧКИ ИЛИ СТЕРЕОТИПЕН ЈАЗИК КОГА СЕ ЗБОРУВА ЗА НАСИЛСТВОТО, ПРЕЖИВЕАНАТА/ЖРТВАТА, СТОРИТЕЛОТ

ГРАФИКОН 21




## Извадоци од медиумски извештаи што илустрираат како медиумите користат нерелевантни детали и сензационалистички и/или стереотипни изрази:

**51-годишен маж ја истепал пријателката од Романија (22) – потоа ѝ вперил пиштол, еве ги деталите за драмата во Кичево.**

30.11.2022, веб-портал во Северна Македонија.

**Манијак! Пијан дошол во куќата на вонбрачната сопруга и вперил пушка во неа и во бебето: „Ако не дојдеш со мене, ќе те убијам и тебе и себе“**

26.9.2022, веб-портал од Босна и Херцеговина.

**Моментот кога мртвото тело на бремената жена беше отстрането од дворот на Универзитетскиот клинички центар.**

30.11.2022, веб-портал од Косово

Беа анализирани и насловите на медиумските извештаи, бидејќи честопати тоа е единственото нешто што читателите ќе го прочитаат – без разлика дали ќе ги видат на насловните страници на печатените медиуми изложени во продавници или додека ги пребаруваат социјалните мрежи во потрага по веб-портали. Целта на овој аспект на анализата беше да се утврди дали и во која мера самите наслови содржат елементи на горенаведеното неетичко известување, какви што се откривање идентитет, нерелевантни детали, минимизирање на насилството, оправдување на постапките на сторителот, префрлање на одговорноста, сензационалистички изрази итн. Релевантните податоци покажуваат (Графикон 22) дека повеќе од половина (58%) од медиумските наслови во регионот ги користат горенаведените елементи на неетичко известување. Тука спаѓаат повеќе од две третини од извештаите во Србија, речиси половина од извештаите во Босна и Херцеговина, повеќе од една третина во Косово и во Црна Гора и околу една десеттина од извештаите во Северна Македонија. Имајќи ја на ум моќта на насловите, може да се претпостави дека нивната употреба од медиумите во регионот, може да има негативно влијание врз перцепцијата на јавноста за злоупотребата на огнено оружје во родово-базирано насилство на мажи врз жени.

**НАСЛОВИ СО НЕЕТИЧКИ ЕЛЕМЕНТИ**

ГРАФИКОН 22



# Визуелизација на насилството и на огненото оружје

Анализата открива дека, во просек, половина од разгледуваните медиумски извештаи во овој период во регионот го прикажале огненото оружје на несоодветен начин (Графикон 23) – од 100% медиумски извештаи во Босна и Херцеговина до 17% во Косово. Прикажувањето огнено оружје на несоодветен начин значи дека тоа обично се прикажува како симбол на моќ, што би можело да ги засили некритичките ставови во поглед на огненото оружје и да придонесе за нивна глорификација во општеството. Но, во некои извештаи има покритички и посоодветен пристап, како, на пример, прикажување на огненото оружје во рацете на форензички експерти (на пр. во форензичка ќеса), при конфискација, во заплена на релевантните органи или прецртано со црвена линија и со опис „СТОП ЗА ОРУЖЈЕ“ итн.

**ПРИСУСТВО НА НЕСООДВЕТНИ ФОТОГРАФИИ/СЛИКИ ОД ОГНЕНО ОРУЖЈЕ**

ГРАФИКОН 23



Кога станува збор за фотографии/слики што го прикажуваат насилството, преживеаните/жртвите и/или сторителите на несоодветен начин (прикажување на детали за извршеното насилство, откривање на идентитетот на преживеаниот, прикажување на преживеаните/жртвата во потисната положба и/или насилникот во доминантна положба или прикажување на двајцата заедно со помош на уредување фотографии), податоците не се толку вознемирувачки, бидејќи такви слики се присутни во 39% од анализираните медиумски извештаи во регионот (Графикон 24). Но, примерокот покажа дека медиумските извештаи од сите, освен од една јурисдикција, содржеле фотографии од мртвите тела на жртвата, повреди, детали од местото на злосторството итн.

**ПРИСУСТВО НА НЕСООДВЕТНИ ФОТОГРАФИИ/СЛИКИ ШТО ПРИКАЖУВААТ НАСИЛСТВО, ПРЕЖИВЕАНИ И СТОРИТЕЛИ НА НЕСООДВЕТЕН И СТЕРЕОТИПЕН НАЧИН**

ГРАФИКОН 24



# Едукативната улога на медиумите

На крај, најнеповолните резултати од анализата се однесуваат на улогата и на обврската на медиумите да ја информираат и да ја едуцираат јавноста за злоупотребата на огнено оружје во родово-базираното насилство на мажи врз жени како општествен проблем. Едукативната содржина опфаќа релевантни статистички информации, опис на феноменот и негова превенција, и информации за заштита и поддршка на преживеаните. Како што покажуваат графиконите, едукативната содржина за злоупотреба на огненото оружје (Графикон 25) и за родово-базирано насилство на мажи врз жени (Графикон 26) е застапена во просек во помалку од 10% од медиумските извештаи во регионот. Во одредени јурисдикции ваква содржина имало во само 1% од извештаите. Во повеќето случаи каде што имало едукативна содржина, тоа било преку изјави на експерти од НВО што се занимаваат со проблемот на родово-базирано насилство на мажи врз жени.

Слична ситуација е документирана со содржината што експлицитно наведува дека насилството врз жените е општествен проблем што произлегува од нееднаквата моќ меѓу жените и мажите. Во просек, ваков вид информации се застапени во само 3% од медиумските извештаи во регионот и не надминуваат 10% во ниту една јурисдикција (Графикон 27).

**ПРИСУСТВО НА ЕДУКАТИВНА СОДРЖИНА ЗА ФЕНОМЕНОТ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ**

ГРАФИКОН 25




**ПРИСУСТВО НА ЕДУКАТИВНА СОДРЖИНА ЗА ФЕНОМЕНОТ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО НА МАЖИТЕ ВРЗ ЖЕНИТЕ**

ГРАФИКОН 26



## ЗАСТАПЕНОСТ НА ИНДИКАЦИИ ДЕКА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ Е ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ ШТО ПРОИЗЛЕГУВА ОД НЕЕДНАКВАТА МОЌ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

ГРАФИКОН 27




## Извадоци од медиумски извештаи што илустрираат едукативна содржина:

**Единствен правилен начин да ја надминеме оваа состојба на структурна дискриминација на жените и на децата жртви на насилство врз жените е надлежните во Црна Гора, наместо површно да предлагаат нови законски решенија, да ја утврдат одговорноста на оние што не постапуваат по законот и да направат детална анализа на пропустите на институциите во случаи на фемицид, па врз основа на тие резултати да креираат нови ефикасни политики.**

Маја Раичевиќ, извршна директорка на НВО Центар за женски права, во изјавата за Побједа.

5.7.2022, веб-портал од Црна Гора.

**Некои индикатори што може да укажат на висок степен на ризик односно да укажат на тоа дека ќе дојде до тешки повреди или убиства се: историјат на вршење насилство од страна на насилникот (кон истата или кон претходни партнерки); поседување огнено оружје; ментална болест, злоупотреба на алкохол или на психоактивни супстанции; напуштање (развод/прекин) на жртвата од насилникот; закани со убиство; закани со самоубиство; страв на жртвата дека насилникот ќе ја убие. Ова се само некои од ризиците, тие треба да се разгледуваат во секој поединечен случај, земајќи го предвид севкупниот контекст, но тоа е процедура за која професионалците што постапуваат во вакви случаи мора да бидат упатени – посочи Ведрана Лацмановиќ од АЖЦ.**

31.7.2022, веб-портал од Србија.

Според статистиката на МВР, во првото полугодие од 2020 година извршени се 435 кривични дела, за кои се пријавени 450 сторители. Висок процент од сторителите 91,3 % се мажи кои вршат насилство врз нивните сопруги и родители. Во однос на начинот на извршување на делата, во 341 случај сторителите употребиле физичка сила врз жртвите, нанесувајќи им телесни повреди, 32 случаи се извршени со ладно оружје, а три со употреба на огнено оружје. „Оттаму, користењето на родово базирано насилство како аспект е важно, бидејќи го потенцира фактот дека многу форми на насилство врз жените се вкоренети во нееднаквостите на моќта меѓу жените и мажите", заклучи потпретседателот Спасовски.

14.8.2022, веб-портал од Северна Македонија

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

05

Медиумското известување за родово-базирано насилство на мажи врз жени со злоупотреба на огнено оружје во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и во Косово има многу сличности. Во сите јурисдикции оваа тема претежно ја покриваат онлајн медиуми, бидејќи тие произведуваат повеќе содржина од печатените медиуми, особено кога ќе се случи одреден инцидент. Овие инциденти вообичаено се причина за серија написи што се објавуваат во краток временски период и понекогаш се разликуваат само по насловите и една (ново добиена) информација. Медиумите обично не посветуваат доволно внимание на случаите на родово базирано насилство од мажи за да и помогнат на својата публика да разбере зошто овие инциденти се всушност дел од поголем општествен проблем. Случаите на вакво насилство главно се прикажуваат како изолирани инциденти (без оглед колку често се случуваат) без да се стават во некаков општествен или политички контекст. Обесхрабрува наодот дека медиумите не го користат известувањето за овие поединечни инциденти како можност да ја едуцираат јавноста, да го објаснат феноменот, да обезбедат релевантни статистички податоци и/или информации за поврзаните ризици, достапна заштита и поддршка на преживеаните. Вознемирува тоа што само 3% од анализираните медиумски извештаи содржеле информации како за конкретните случаи така и за поширокиот контекст. Ова до одредена мера може да се објасни со недостигот на време и/или на интерес кај новинарите или со уредувачката политика што го диктира видот на содржините што се објавуваат. Но, ова отвора прашања за свеста на медиумите за проблемот, за можните дупки во сфаќањето и/или за немањето чувствителност, и посочува кон потребата да се работи на зголемување на свесноста и намалување на постојните јазови. Може да посочува и на недоволна подготвеност и ресурси на релевантните медиуми да истраат во истражувачките стории што ќе го расветлат феноменот на родово-базирано насилство.

**ПРЕПОРАКА:**

## ДА СЕ ЕДУЦИРААТ НОВИНАРИТЕ И УРЕДНИЦИТЕ

- Новинарите и уредниците треба да се едуцираат за феноменот на родово-базирано насилство на мажи врз жени со злоупотреба на огнено оружје и тие треба активно да бараат релевантни соговорници на темата од надлежните органи, како и од НВО и МО заедницата.
- Овие знаења, заедно со достапните статистички податоци и ресурси, треба да бидат основа и составен дел на медиумското известување, како во написите што го опишуваат феноменот, така и во оние што се занимаваат со конкретни инциденти.

Анализата јасно покажува дека има премногу информации нерелевантни за јавноста и недоволно едукативна содржина во медиумските извештаи за инциденти со родово-базирано насилство на мажи врз жени со огнено оружје во регионот. Секој втор медиумски извештај (49%) содржи нерелевантни и сензационалистички информации (како неважни детали за инцидентите, изјави од соговорници што немаат некоја службена функција, како на пр. соседи, итн.). Но, навистина недостасува едукативна содржина за општествениот проблем на злоупотреба на огнено оружје и родово-базирано насилство врз жените. Ваква содржина е застапена во помалку од 10% од разгледуваните медиумски извештаи во регионот.

Ова покажува дека иако медиумите обично „копаат“ по информации, нивниот фокус претежно е на добивање „атрактивни“ детали што може да доведат до повеќе кликови/внимание кај потенцијалните читатели, а не на добивање релевантни информации, какви што се мислења од експерти, информации за видот и бројот на злоупотребено оружје, нивниот правен статус, дали сторителот има историја на насилно однесување и/или злоупотреба на огнено оружје, статистички податоци во врска со феноменот или родово-базираното насилство, информации што ќе го расветлат влијанието на огненото оружје во семејното насилство, информации за релевантната правна рамка итн.

**ПРЕПОРАКА:**

## ДА СЕ ПРЕМИНЕ ОД СЕНЗАЦИОНАЛИСТИЧКА КОН ЕДУКАТИВНА СОДРЖИНА:

- Фокусот на медиумското внимание треба да се префрли од непотребни на релевантни детали. Наместо да се бараат детали за претходното однесување на жртвите и личната перцепција на соседите за сторителот како „тивок и добар човек“, треба да се прават напори за потрага по детали од јавен интерес, како што е објаснето погоре, и за опфаќање едукативна содржина за ова прашање. Ова може да вклучува едукативна содржина за ова прашање, како што се информации за смртоносност на огненото оружје во контекст на семејно насилство во споредба со други видови инциденти, правниот статус на употребеното огнено оружје, историја на насилничко однесување или злоупотреба на огнено оружје од страна на сторителот, институционални одговори на секое претходно насилство, микролокација на инцидентот итн.

Повеќето релевантни изјави во регионот се чини дека доаѓаат од министерствата за внатрешни работи и од претставници на полицијата, а по нив следуваат обвинителствата. Но, податоците од некои јурисдикции покажуваат голем процент на анонимни извори од институции и „лица блиски до истрагата". Ова честопати е во корелација со добивање детали за случајот што се од суштинска важност за постапување по предметот, но се нерелевантни за јавноста и несоодветни за медиумски извештаи, првенствено затоа што можат да го загрозат текот на истрагата и да ја поткопаат способноста на обвинителството да го изведе сторителот пред лицето на правдата. Податоците покажуваат дека експертски изјави од НВО и меѓународни организации запознаени со овој општествен проблем ретко се гледаат во медиумските извештаи. Сепак, кога ги има, овие изјави често го намалуваат проблематичниот јаз во едукативната содржина.

**ПРЕПОРАКА:**

**ДА СЕ ПРОШИРАТ ИЗВОРИТЕ И ВИДОВИТЕ ИНФОРМАЦИИ ШТО СЕ ПРИБИРААТ**

**ИНСТИТУЦИИ:**

Соработката меѓу медиумите и надлежните институции, какви што се министерствата за внатрешни работи или обвинителствата, може да се подобри, особено во однос на типот на содржина што овие институции им ја даваат на медиумите. На пример:

- Наместо да се фокусираат на детали како количината крв на жртвата, правото на јавноста да знае треба да се задоволи со информации за тоа дали сторителот има историја на насилство и/или злоупотреба на огнено оружје, како го стекнал оружјето итн.
- Министерствата за внатрешни работи и обвинителствата може да ја искористат својата улога на „даватели на информации" така што ќе споделат и посеопфатна едукативна содржина во комуникацијата со медиумите, надвор од деталите за поединечните случаи и ќе понудат информации за релевантни статистички податоци, законодавство, феномени, достапни услуги за поддршка, важноста на улогата на случаен минувач во спречувањето насилство преку пријавување итн. Со нудење релевантни статистички информации и едукативна содржина, институциите, заедно со медиумите можат да бидат обединети во расветлување на овој штетен феномен поттикнувајќи ги општеството, преживеаните и институциите да бараат предупредувачки знаци, шаблони на насилство и можни ризици за ескалација, со што ќе се придонесе за превенција на ваквото насилство.

**МЕДИУМИ:**

- Новинарите треба целосно да ги искористат сите статистички и едукативни податоци што им ги даваат релевантните институции и на тој начин да придонесат за подигнување на свеста кај јавноста за феноменот во целост.
- Треба да се подобри соработката меѓу медиумите и НВО и меѓународните организации што работат на превенција на насилство врз жени и/или злоупотреба на огнено оружје. Медиумите треба да бараат информации од овие организации, бидејќи тие може да бидат извори на релевантни податоци, објаснувања и експертски мислења.

Анализата покажува дека иако медиумите во регионот честопати известуваат за институционалниот одговор на насилство, тие првенствено се фокусираат на апсења и обвиненија. Многу загрижува недостигот на истражувачко новинарство за можните институционални недостатоци во однос на превенција на инциденти и заштита на жртвите.

**ПРЕПОРАКА:**

## ДА СЕ РАСКАЖЕ ЦЕЛАТА ПРИКАЗНА

- Поради јазот кај истражувачкото известување за овој феномен, има огромен потенцијал за подобрување во оваа област. Медиумите треба да ги истражуваат институционалните одговори за целото времетраење на случајот. Треба да следат конкретни инциденти „од почеток до крај" и да не известуваат само за апсења и обвиненија, туку за целата институционална процедура, вклучително и конечната пресуда. Овој пристап може да послужи како метода за превенција, бидејќи може да ги одврати сторителите да извршат насилство, како и да ја изгради довербата на преживеаните во институциите. Притоа, медиумите позитивно би влијаеле и на процесот на заздравување на преживеаните од родово базирано насилство и трауми поврзани со огнено оружје. Тоа, исто така, би помогнало да се расветли можниот недостаток на заштита за преживеаните и жртвите, со што ќе поттикне промени.
- Медиумите би можеле да навлезат во теми какви што се јавната перцепција за огнено оружје, сопственост на огнено оружје, планирано користење, родови импликации, улогата на заедницата во поддршка на преживеаните итн., со цел да и помогнат на јавноста подобро да ја разбере средината во која се случува родово базираното насилство од мажи и да ги преиспитаат претпоставените вистини за огнени оружја.

Може да се заклучи дека иако прашањето за родово-базирано насилство на мажи врз жени со злоупотреба на огнено оружје е опфатено преку дневните вести до одредена мера, политичките, институционалните и општествените аспекти на овој феномен се претежно невидливи, како и неговите причини и последиците. Ова е, исто така, поврзано и со видот насилство што е видлив во медиумите, каде што извештаите што ги покриваат убиствата сочинуваат две третини од сите медиумски извештаи, додека другите, помалку очигледни злоупотреби на огнено оружје, какви што се закана за употреба на огнено оружје и присуство на огнено оружје како фактор што води кон контрола и заплашување на жртвите, се главно занемарени.

**ПРЕПОРАКА:**

### ФОКУС НА НАСИЛСТВОТО СО СИТЕ ИСХОДИ – НЕ САМО ФЕМИЦИД

- Иако смртниот исход од злоупотреба на огнено оружје несомнено заслужува посебно внимание, има доволно простор за медиумите да ги покријат сите други начини на злоупотреба на огненото оружје. Тука спаѓаат закани, удари, повреди од огнено оружје, како и самото присуство на огнено оружје (бидејќи неговото присуство може да предизвика страв кај преживеаните/жртвите и да им овозможи на сторителите да воспостават контрола врз нив, дури и ако оружјето не е употребено). Медиумите треба активно да работат на документирање на поврзаноста меѓу различни форми на злоупотреба на огнено оружје во насилството врз жените и да ја нагласат тенденцијата насилството да ескалира со текот на времето, и често да кулминира со смрт. На тој начин ќе ја исполнат својата задача да обезбедат релевантни информации и да ја едуцираат јавноста.

Медиумското известување за ова прашање може да има значително влијание врз преживеаните, нивните семејства и врз општеството, како позитивно така и негативно.

Кога медиумското внимание, а со тоа и вниманието на јавноста, е фокусирано исклучиво на конкретни инциденти, кои обично ги истакнуваат најсериозните исходи, тоа испраќа порака на сите останати преживеани дека нема поврзаност меѓу она што го гледаат во медиумите и нивното искуство. Како резултат на ова, поголема е веројатноста овие лица да се чувствуваат осамено и изолирано, да останат и натаму ранливи и да не можат

да побараат поддршка во најблискиот круг, бидејќи и другите се изложени на истите медиумски пораки, кои не го даваат поширокиот контекст и не нудат информации како да се поддржат преживеаните. Со ваквиот пристап медиумите не само што не ја исполнуваат својата едукативна улога, туку и ја едуцираат јавноста дека насилството врз жените, вклучително и насилството со огнено оружје, не е политичко и општествено прашање.

Преку одвлекување на вниманието на јавноста кон нерелевантни и сензационалистички детали за инцидентот, медиумите, исто така, им праќаат порака на преживеаните дека нивните искуства може да бидат предмет на разговор на јавноста, што ќе и овозможи на публиката да добие улога на воајер и/или на судија. Јавноста ги добива сите страшни детали, поради што добива впечаток дека била сведок на настанот. Јавноста дознава за претходното однесување на жртвите, што потенцијално ѝ овозможува да суди за злосторствата и во некои случаи да ги обвини самите жртви. Ова влијае не само врз жените што се предмет на медиумските извештаи, туку и врз други преживеани. Го влошува чувството на осаменост и изолација, како и недостигот на самодоверба и достоинство, а ја намалува нивната подготвеност да го пријават насилството што го трпат. „Како да барам помош ако таа веќе е осудена од новинарите и сите што ќе го прочитаат ова?“ – изјави една преживеана што учествуваше во истражување за тоа како жените што преживеале насилство ги перципираат медиумските извештаи на оваа тема.[49] Оваа студија утврди дека овој вид медиумско известување ги демотивира жените да го пријават насилството, без разлика дали на институциите или на некој близок.

> „Начинот на кој медиумите известуваат за жените што преживеале насилство, главно предизвикува страв како доминантна емоција. Другите емоции се помалку интензивни од стравот, генерално се мешани и може да се поделат во две групи. Првата група опфаќа негативни емоции предизвикани од сензационалистичко известување, како гнев, анксиозност, тага и идентификување со жените за кои станува збор во текстот... Позитивните чувства припаѓаат во втората група и се поттикнати од медиумски содржини што им даваат на жените поддршка и информации како да излезат од насилството. Чувствата на задоволство, охрабрување, безбедност, надеж и правда се поврзуваат со известувањето што им помага на жените да ги разберат врските што ги имаат, како да излезат од нив и од кои институции може да побараат помош.“[50]

**49** Повеќе информации се достапни на: https://www.zeneprotivnasilja.net/images/pdf/literatura/Kako_vas_zene_citaju.pdf

**50** Ibid

Иако горенаведеното истражување не содржи медиумски извештаи за злоупотреба на огнено оружје, нивниот увид е сепак релевантен за оваа анализа. Ако медиумите обично се фокусираат само на убиства на жени извршени со огнено оружје, другите видови насилство, како закана или удар со огнено оружје, како и присуство на огнено оружје како средство за заплашување, остануваат невидливи не само во општеството туку и за самите преживеани и за релевантните органи. Ова може да доведе до несогледување на фактот дека злоупотребата на огнено оружје е поширок феномен што не е само убиство, туку опфаќа и друго насилно однесување, како контрола, изолација, закани и заплашување. Кога ваквото погрешно презентирање се повторува, може да се занемари фактот дека присуството на огнено оружје или способноста на сторителите да го набават, значително го зголемува ризикот за убиство.[51]

Исто така, глорификација и несоодветно претставување на огненото оружје, што беа забележани во половина од фотографиите и сликите објавени во анализираните медиумски извештаи, исто така, ќе имаат непожелно влијание врз преживеаните. Овој пристап го нормализира присуството на оружје во домот и дополнително го засилува стравот и анксиозноста од неговото присуство, бидејќи е претставено како симбол на моќ.

**ПРЕПОРАКА:**

## ДА СЕ ИМААТ НА УМ ЕФЕКТИТЕ ШТО ИЗВЕСТУВАЊЕТО МОЖЕ ДА ГИ ИМА ВРЗ ПРЕЖИВЕАНИТЕ НА НАСИЛСТВО

- Кога им се доставуваат информации на медиумите, како и кога медиумите ги пакуваат информациите за јавноста, посебно внимание треба да се обрне на тоа како овие информации може да влијаат врз жените што во моментот се соочуваат со насилство. Медиумите треба да запомнат дека преживеаните се дел од јавноста и дека нивниот интерес е составен дел од јавниот интерес. Известувањето треба да се стреми да им понуди на преживеаните колку е возможно покорисни и охрабрувачки информации. Ова може да се постигне така што ќе се наведе дека е достапна помош и ќе се наведат информации каде таа може да се добие, ќе се покаже почит за приватноста и достоинството на жртвите и на преживеаните, и ќе се дадат примери на жени што успешно се извлекле од насилни врски.

**51** Повеќе информации се достапни на: https://www.undp.org/serbia/publications/characteristics-and-prevention-intimate-partner-femicide-suicide-cases-committed-firearm

# КЛУЧНИ НАОДИ ПО ЈУРИСДИКЦИЈА

# 06

# Босна и Херцеговина

Вкупниот број медиумски извештаи за злоупотреба на оружје во Босна и Херцеговина (БиХ) во текот на 2022 година е 6.593, од кои 315 (5%) се однесуваат на родово-базирано насилство на мажи врз жени. Како и во другите јурисдикции, оваа тема е многу повидлива во онлајн порталите отколку во печатените медиуми, така што **90% од извештаите се објавени онлајн.**

**Медиумите во БиХ имаат највисока стапка на медиумски извештаи за конкретни случаи** (96%), што имплицира дека медиумите обично не известуваат за родово-базирано насилство на мажи врз жени со огнено оружје како општествен проблем. Наместо тоа, тие обично се концентрираат на известување за изолирани инциденти.

Најголемо внимание на медиумите во БиХ е насочено кон случаите на фемицид, така што 66% од анализираните медиумски извештаи се однесуваат на овој начин на злоупотреба на огнено оружје, додека не се најдени медиумски извештаи за присуството на огнено оружје како вид насилство, заплашување и контрола. Инцидентите опфатени со медиумските извештаи во БиХ обично се случуваат во домот (57%), додека една третина од извештаите не наведуваат информации за микролокацијата на настанот. Најголемиот број сторители на насилство врз жени со злоупотреба на огнено оружје презентирано во статиите објавени во медиумите во БиХ се интимни партнери на жртвите/преживеаните (61%), а по нив се други членови на семејството (18%). Слично како и кај другите јурисдикции во регионот, медиумите во БиХ почесто известуваат за видот на злоупотребено огнено оружје отколку не (во 52% од случаите). Сепак, ова значи дека речиси половина (45%) од медиумските извештаи не го наведуваат ниту видот ниту бројот на употребено огнено оружје. Во исто време, медиумите во БиХ, повеќе отколку во другите јурисдикции, не известуваат дали оружјето е легално (94% од извештаите не содржат информации дали огненото оружје е легално поседувано). Дали сторителите имале претходна историја на насилство и/или злоупотреба на огнено оружје, речиси воопшто не се споменува во медиумите во БиХ, а нема ни информации за можната поврзаност на инцидентот со вооружени конфликти (на пр. сторителот е воен ветеран, огненото оружје може да се поврзе со конфликт итн.).

Во 45% од анализираните медиумски извештаи во БиХ се открива идентитетот на преживеаната/жртвата и/или на членови на нивното семејство, што е под документираниот просек во целиот регион од 59%. Префрлање на

одговорноста за насилството од сторителот на жртвата е присутно само во 4% од медиумските извештаи во БиХ во споредба со регионалниот просек од 19%. Насилството се оправдува врз основа на надворешни околности или личните карактеристики на сторителот во 17% од медиумските извештаи во БиХ и во 31% регионално. Нерелевантни детали се објавени во 29% од извештаите во БиХ и 49% регионално. Но, исто како и во регионот, **секој втор медиумски извештај во БиХ содржи сензационалистички или стереотипни изрази** во однос на насилството, преживеаната/жртвата и/или сторителот.

Фотографии/слики што го прикажуваат насилството, преживеаните и/или сторителите на несоодветен и стереотипен начин се поретки во медиумите во БиХ (само 9%) отколку во регионот (39%). Но, обратен тренд е забележан кај користење несоодветни фотографии/слики со огнено оружје, каде што **сите слики со огнено оружје присутни во медиумите во БиХ биле несоодветни.**

Загрижува тоа што нема едукативна содржина во медиумското известување. Имено, **ниту еден од анализираните медиумски извештаи во БиХ не го прикажува насилството врз жените како општествен проблем што произлегува од нееднаквата моќ меѓу мажите и жените,** а само 1% односно 4% од медиумските извештаи вклучуваат едукативна содржина за феноменот на злоупотреба на огнено оружје, односно родово-базирано насилство на мажи врз жени.

**Општо, медиумските извештаи во БиХ се совпаѓаат со оние во регионот, со мали отстапки забележани кај одредени показатели, како што е објаснето погоре.** Одредени специфичности се забележани во медиумското известување во БиХ. На пример, документирани се извештаи за случаи на сексуално насилство за време на војната (тековни истраги, нови обвиненија итн.). Иако вaквите случаи не се многубројни, сепак го надминуваат бројот на вакви случаи во другите јурисдикции. Истражувачите од БиХ, исто така, ја нагласуваат тенденцијата на медиумите да го потенцираат пијанството како објаснување, а понекогаш и како изговор за насилното однесување на сторителите. Тие, исто така, забележаа и дека медиумите, во случаи на фемицид, обично се фокусираат на сторителот и на неговиот живот, без соодветно да им оддадат почит на жртвите – кои биле тие, нивниот живот и достигнувања, и што ќе се случи со нивните деца, меѓу другото. Иако пишувањето за жртвата може да биде ризик за нивната приватност, и затоа треба да се прави исклучително внимателно, медиумите несомнено може да избегнат непотребен публицитет за сторителите.

# Црна Гора

Во 2022 година печатените и онлајн медиумите во Црна Гора објавиле 5.351 извештај за злоупотреба на огнено оружје, а 179 од нив (3%) се однесуваат на родово-базирано насилство на мажи врз жени. Како и кај другите јурисдикции, повеќето медиумски извештаи на оваа тема се објавени на онлајн медиумите (82%) и се фокусираат на конкретни инциденти (81%). Повеќе од половина од извештаите (57%) се интегрално пренесени соопштенија за медиумите од Министерството за внатрешни работи и од правосудството.

Како и во другите јурисдикции, најмногу од инцидентите се случиле во домот (66%), а во 90% од сите инциденти насилството го извршил интимниот партнер. Во повеќето случаи (72%) објавените инциденти биле убиства, додека 17% од разгледуваните написи наведуваат закани со огнено оружје, а 10% навеле присуство на огнено оружје како форма на насилство. Слично на колегите во регионот, црногорските медиуми обично не известуваат за правниот статус на огненото оружје (во 62% не се наведува ваква информација). Во случаите кога ова е наведено, огненото оружје често е нелегално (32% од медиумските извештаи). **За разлика од другите јурисдикции, медиумите во Црна Гора имаат поголема тенденција да објавуваат информации за претходната насилна историја на сторителот, доколку ја има. Овој елемент е застапен во 41% од медиумските извештаи**, а во 40% од нив експлицитно се наведува дека веќе имало ваков вид однесување. **Но, претходната злоупотреба на огнено оружје и потенцијалната поврзаност со војни/конфликти речиси воопшто не се споменува (во 99% од извештаите). Институционалните последици од злоупотреба на огнено оружје се почесто документирани во медиумските извештаи во Црна Гора отколку во другите јурисдикции (97%).**

**Загрижува тоа што медиумите во Црна Гора го имаат најголемиот процент на извештаи што го откриваат идентитетот на преживеаните/жртвите и на нивните семејства и овој елемент се појавува во дури 86% од извештаите.** Исто така, во однос на показателите за објавување нерелевантни детали, оправдување на насилството, префрлање на одговорноста за насилството од сторителот на преживеаната/жртвата и минимизирање на насилството, медиумите во Црна Гора се на второ место од петте анализирани јурисдикции,

така што една третина од медиумските извештаи биле вмешани во најмалку една од горенаведените неетички известувачки практики. Од друга страна, **медиумите во Црна Гора имаат најголем процент (13%) извештаи што вклучуваат едукативна содржина за злоупотреба на огнено оружје во споредба со другите јурисдикции во регионот, иако овој процент сѐ уште е разочарувачки низок.**

Повеќе од една третина (35%) од медиумските извештаи во Црна Гора ги прикажуваат насилството и преживеаните/жртвите на несоодветен начин, а 84% од нив немале соодветна визуализација на огненото оружје.

Ангажираните истражувачи од Црна Гора особено посочија примери на фотографии на жртви и на сторители што биле монтирани за да се направи една слика со двајцата. На овој начин не само што се разоткрива нивниот идентитет, туку постои и ризик од романтизирање на чинот на насилство. На таквите слики сторителот и жртвата обично се ставени еден до друг, што визуелно алудира дека се еднакви, иако јасно е утврдено дека насилството врз жените е проблем поради нееднаквата моќ меѓу мажите и жените.

Истражувачите, исто така, нагласија дека медиумите обично објавуваат детали што им се достапни само на судот и на обвинителството, што укажува на проблем со протекување информации од институциите. Треба да се напомене дека детали добиени за време на институционални постапки не се секогаш во интерес на јавноста, особено ако можат да го компромитираат достоинството на преживеаните, што е дополнително спротивно на етичките и на професионалните новинарски стандарди.

# Северна Македонија

Во 2022 година медиумите во Северна Македонија објавиле најмалку извештаи за злоупотреба на огнено оружје во регионот, вкупно 1.643, а само 25 (2%) се на темата насилството врз жените. Ова ограничено известување се припишува на малиот број инциденти што се случиле во Северна Македонија во дадениот период. Иако би можело да се смета дека ова ги ограничува заклучоците, анализираните извештаи сепак се репрезентативни во однос на тоа како медиумите ги третирале овие инциденти.

Повеќето извештаи (18) биле објавени во август 2022 година, кога се случиле два различни инциденти. Во еден случај, сосед отворил оган кон куќа на жена, а во другиот сопругот ја застрелал и ја повредил сопругата. Вкупно четири (4) случаи се обработени во текот на 2022 година и биле главниот фокус во 84% од разгледуваните медиумски извештаи. **Седумнаесет проценти од извештаите се занимаваат со феноменот на злоупотреба на огнено оружје и насилство врз жени, што е најголем процент од сите јурисдикции во регионот.**

Вкупно 90% од медиумските извештаи се однесуваат на инциденти што се случиле во домот, а мнозинството (52%) наведуваат дека сторител е познаник, по што следува интимен партнер (38%). Половина од медиумските извештаи го наведуваат видот и бројот на злоупотребено оружје (48%), додека половина не содржат вакви информации. Во ниту еден медиумски извештај не се пишува дали сторителите имале историја на насилно однесување, злоупотреба на огнено оружје ниту поврзаност со војни/конфликти. Ова е поврзано со фактот што 80% од медиумските извештаи претежно се официјални соопштенија од Министерството за внатрешни работи и правосудството, што покажува дека овие институции главно не даваат вакви информации во нивните изјави за јавноста.

Главно, резултатите од анализата покажуваат дека медиумското известување за злоупотреба на огнено оружје во родово-базирано насилство на мажи врз жени во Северна Македонија е најсоодветно во споредба со регионот. Нема извештаи каде што се открива идентитетот на преживеаните/жртвите, а извештаите исто така не содржат нерелевантни детали ниту го оправдуваат насилството. Само во 4% од извештаите се користи сензационализам при

известувањето за овој проблем. Иако не се документирани несоодветни фотографии на насилство и на преживеаните, 62% од фотографиите со огнено оружје употребени во разгледуваните извештаи, го прикажуваат истото на несоодветен начин.

Како и во другите јурисдикции, многу мал број извештаи (само 4%) имаат едукативна содржина за насилство врз жените или за злоупотреба на огнено оружје.

Како заклучок, треба повторно да се напомене дека анализата во Северна Македонија се заснова на ограничен број извештаи. Имајќи го ова на ум, истражувачите во Северна Македонија изјавија дека резултатите во врска со севкупното медиумско известување за насилство врз жените во оваа јурисдикција, треба да се земат со одредена резерва.

# Србија

Онлајн и печатените медиуми во Србија имаат објавено најголем број извештаи во регионот за насилство врз жени со употреба на огнено оружје. Вкупно 9.312 извештаи за злоупотреба на огнено оружје биле објавени во Србија во текот на 2022 година, а 863 од нив (9%) се однесуваат на насилство врз жени. Четири петтини од овие извештаи ги објавиле онлајн медиуми. Слично како и кај другите јурисдикции, повеќето извештаи (92%) се концентрираат на конкретни инциденти. Исто така, медиумските извештаи во Србија имаат најголем процент на оригинални написи за овие прашања (82%) во споредба со другите јурисдикции во регионот, каде што написите обично се состојат од соопштенија од релевантните институции.

Повеќе од половина од разгледуваните медиумски извештаи се однесуваат на убиства. Сепак, овој процент е помал отколку во другите јурисдикции (само 54%), што остава простор да бидат повидливи другите видови злоупотреба на огнено оружје. Како резултат на ова, повреди од огнено оружје биле во фокусот на 21% од медиумските извештаи, заканите во 14% и присуството на оружје е наведено во 9% од медиумските извештаи.

Повеќето медиумски извештаи се занимаваат со инциденти што се случиле во домот (72%) и кои ги извршил интимен партнер (76%). Во споредба со регионот, медиумите во Србија **имаат најголем број извештаи што наведуваат информации за видот на злоупотребено огнено оружје (65%)**. Истото важи и за извештаи што содржат информации за тоа дали сторителот имал претходна историја на насилно однесување (во половина од анализираните медиумски извештаи) и злоупотреба на огнено оружје (во 46% од медиумските извештаи). Но, правниот статус на огненото оружје не е наведен во 64% од извештаите.

Во однос на известувањето за насилството и за жртвите/преживеаните, две третини од разгледуваните медиумски извештаи го откриле нивниот идентитет, што е блиску до утврдениот регионален просек. Но, медиумските извештаи во Србија се најсклони кон префрлање на одговорноста за насилството од сторителот на преживеаната/жртвата (27%), оправдување на насилството поради надворешни околности или личните карактеристики на сторителот (41%), откривање нерелевантни детали за чинот на насилство или изјави од нерелевантни соговорници (61%), употреба на сензационалистички

или стереотипен јазик при опишување на насилството (55%) и минимизирање или исмевање на насилството и/или скептицизам кон преживеаната/жртвата (24%). Сите овие проценти го надминуваат утврдениот регионален просек.

Слична ситуација е документирана и кај визуелизацијата во извештаите, каде што половина од извештаите содржат фотографии што ги прикажале жртвите на несоодветен начин. Но, помалку од половина од фотографиите употребени во извештаите несоодветно го прикажуваат огненото оружје (44%), што е пониско од утврдениот регионален просек од 50%.

Како и во другите јурисдикции, многу малку (помалку од 10%) од медиумските извештаи вклучуваат едукативна содржина за насилство врз жените (само 4%) и злоупотреба на огнено оружје (само 8%).

Извештаите на ангажираните истражувачи нагласија често користење анонимни извори наводно од институциите (на пр. од МВР или од судскиот систем), но поради тоа што не се прецизно наведени, постои загриженост за нивната веродостојност. Исто така, повремено се цитираат соговорници што не се релевантни за темата, како астролози и нумеролози. Понекогаш овие извори ги обвинуваат жртвите и го припишуваат „ширењето на насилството“ на фактори како висока температура и атмосферски притисок. Сензационализмот е доста присутен во текстовите, насловите и во фотографиите. Во некои случаи, убиството е опишано како „несреќно убиство“ (што наведува дека може да има „среќно убиство“), „трагична љубов“, „страсна врска“ или „незгода“, додека сторителите се опишани како „полудени“. Исто така, некои фотографии употребени во извештаите за конкретни инциденти се земени од приватните социјални мрежи на жртвите, на пример каде што тие и сторителите заедно држат пиштол.

# Косово

Сите медиумски извештаи објавени во Косово во 2022 година и кои беа анализирани се објавени на онлајн медиуми[52] – вкупно 2.050 извештаи за злоупотреба на огнено оружје, од кои 102 (5%) за насилство врз жени.

Повеќе од три четвртини (86%) од анализираните извештаи се однесуваат само на конкретни инциденти, наспроти 6% во кои само се дискутира за феноменот на родово базирано насилство. **Речиси половина од извештаите (43%) се базирани речиси целосно на соопштенија за печатот издадени од Министерството за внатрешни работи,** што е значително поголем процент од регионалниот просек од 12%.

Косово е единствената јурисдикција што нема голем процент на извештаи за инциденти што се случиле во домот – само 14% во споредба со регионалниот просек од 65%. Поконкретно, во 37% од извештаите, локацијата на инцидентот не е спомената, додека во 36% од медиумските извештаи се наведува дека улицата е микролокацијата на инцидентот. Како и во другите јурисдикции, најдоминантен начин на злоупотреба на огнено оружје во извештаите е убиството (присутно во 70% од медиумските извештаи), додека интимните партнери се најчестите сторители (86%). Медиумите во Косово имаат најголем процент на извештаи каде што не се откриваат видот и бројот на злоупотребено оружје (69%). Исто така, во 77% од случаите нема информации за правниот статус на огненото оружје. Половина од извештаите не содржат никакви информации дали сторителот имал претходна историја на насилно однесување, додека 64% не навеле дали сторителот има претходна историја на злоупотреба на огнено оружје. Во споредба со другите јурисдикции во регионот, информациите за врските на сторителите со претходни или со тековни војни/конфликти се најзастапени во косовските медиумски извештаи, во 35% од статиите. **Исто така, медиумските извештаи во Косово имаат најголем процент на изјави од службени лица од МВР, видливи во 75% од написите.**

**Во приближно една третина од медиумските извештаи во Косово е откриен идентитетот на преживеаните/жртвите, што е под регионалниот**

52 Од почетокот на пандемијата со КОВИД-19, во Косово нема печатени медиуми. Весникот „Коха диторе“ беше последниот извор на печатени медиуми во Косово, кој престана да се печати кога започна пандемијата на Ковид, кога премина во онлајн верзија.

**просек.** Истото важи и за префрлање на одговорноста за насилството од сторителот на преживеаната/жртвата (присутно во 9% од извештаите), оправдување на насилството врз основа на надворешни околности или личните карактеристики на сторителот (13%), минимизирање или исмевање на насилството и/или покажување скептицизам кон преживеаната/жртвата (5%). Иако објавувањето нерелевантни детали и употребата на сензационалистички јазик е помало од регионалниот просек, сѐ уште постои одредена загриженост. Нерелевантни податоци се објавени во една третина од извештаите, додека сензационализам е присутен во 41%.

Фотографии/слики што прикажуваат насилство, преживеани и/или сторители на несоодветен и стереотипен начин се забележани во 35% од извештаите, а несоодветни фотографии/слики на огнено оружје во 17%.

Слично како и во регионот, едукативна содржина е објавена во помалку од 10% од сите анализирани медиумски извештаи.

Истражувачите што ја спроведуваа анализата во Косово посочија некои проблематични наслови и текстови за убиството на жена во дворот на Клиниката за гинекологија во Приштина, која требало да се породи следниот ден. Случајот привлече значителен интерес во јавноста, а некои медиуми објавуваа нерелевантни и стереотипни детали, како „Убиство на жена, уништен сонот да стане мајка“ или „Моментот кога мртвото тело на жената е отстрането од дворот“. Овие извештаи беа придружени со фотографии од телото во дворот.

# ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА И ПОКАЗАТЕЛИ – ПОДЕТАЛНО

АНЕКС 1

| ПРАШАЊЕ/ИНДИКАТОР | ОДГОВОРИ | НАСОКИ ПРИ ОДГОВАРАЊЕТО |
|---|---|---|
| **I - СЕТ ОПШТИ ПРАШАЊА**<br>Подетални упатства се достапни во публикацијата „Упатства за медиумско известување за насилството врз жените“[53] | | |
| **1.1. Име на медиумот** | | Внесете го името на медиумот во оригинал |
| **1.2. Датум на медиумскиот извештај** | | Внесете го датумот само во следниот формат:<br>ден/месец/година<br>02/12/2022 |
| **1.3. Вид медиум** | • печатен<br>• веб | Изберете еден од понудените одговори, во зависност од видот на медиумот |
| **1.4. Име на новинарот/новинарката** | | Доколку медиумскиот извештај е потпишан од редакцијата, внесете го само зборот „Редакција“ (без наводници), т.е. не го наведувајте името на медиумот заедно со зборот „Редакција“<br>Доколку медиумскиот извештај воопшто не е потпишан, ставете „Н.Н.“ (без наводници)<br>Доколку медиумскиот извештај е пренесен од друг медиум, ставете го името на тој друг медиум<br>Доколку медиумскиот извештај е потпишан со иницијали, прекопирајте ги иницијалите |
| **1.5. Наслов на медиумскиот извештај** | | Внесете го оригиналот како што е наведено во заглавието на PDF-документот |

**53** Za više informacija vidi sledeći link: https://novinarkeprotivnasilja.org/wp-content/uploads/2021/12/Smernice_WEB-VERSION-final.pdf

| II - СЕТ ПРАШАЊА ЗА НАСТАНОТ ШТО СЕ АНАЛИЗИРА | | |
|---|---|---|
| **2.1. Дали предмет на медиумскиот извештај е конкретен настан, феномен на насилство/ злоупотреба на огнено оружје или се покриени двете информации?** | • Конкретен настан<br>• Феномен<br>• И двете | Доколку медиумскиот извештај покрива исклучиво конкретен инцидент, означете „Конкретен настан“.<br><br>Доколку медиумскиот извештај зборува за феноменот насилство, односно злоупотреба на огнено оружје без упатување на конкретен случај, означете „Феномен“.<br><br>Доколку медиумскиот извештај ги покрива двете работи (на пр. поводот е конкретен инцидент, но се прикажува ‘поширокато слика’ на феноменот, се прикажува статистика, се даваат изјави на стручни лица и слично, означете „И двете“. |
| **2.2. Дали е медиумскиот извештај оригинално дело на новинарот/ новинарката или веста е објавена од Министерството за внатрешни работи и/или од бвинителството или и двете?** | • Оригинално дело<br>• Пренесено од МВР<br>• Пренесено од восудството (обвинителство, суд)<br>• Пренесено од НВО/ Меѓународна организација<br>• Комбинација од оригинално дело и пренесена содржина | Доколку медиумскиот извештај не содржи информација дека информациите се добиени од соопштенија/објави, да се означи со „Оригинално дело“.<br><br>Доколку медиумскиот извештај јасно наведува дека пренесува информации од соопштение од МВР, да се означи со „Пренесено од МВР“. Истото важи и за правосудството и за НВО/ Меѓународна организација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Ова не се однесува на ситуациите кога медиумите ќе објават изјави од соговорници од овие институции, туку исклучиво на пренесување на нивните соопштенија/известувања.<br><br>Доколку медиумскиот извештај содржи и едни и други информации, означете „Комбинација“. |
| **2.3. Микролокација на настанот** | • Домаќинство (приватна сфера – стан, куќа...), двор во домаќинството<br>• Јавен простор од затворен тип (на пр. некоја институција), деловен простор, малопродажни објекти<br>• Улица, тротоар, паркинг<br>• Кафуле, ресторан, клуб, хотел<br>• Шума, ливада, ненаселено место<br>• Друго<br>• Нема информации<br>• Не е применливо | Доколку е одговорот „Нешто друго“, во полето Забелешки можете да ја внесете точната информација.<br><br>„Не е применливо“ се однесува на ситуација кога медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен, и не е можно да се зборува за детали од конкретниот настан. |

| | | |
|---|---|---|
| **2.4. Макролокација на настанот** | | Наведете го името на местото каде што се случил настанот (град, село, итн.).<br><br>Доколку медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен и не е можно да се одговори на ова прашање, оставете го празно ова поле. |
| **2.5. Однос меѓу преживеаната/жртвата и сторителот** | • Партнер (брачен или вонбрачен; поранешен или сегашен)<br>• Друг член на семејството<br>• Познајник<br>• Не се познаваат<br>• Други<br>• Нема информации<br>• Не е применливо | Доколку одговорот е „Нешто друго“, во полето Забелешки можете да ја внесете точната информација.<br><br>„Не е применливо“ се однесува на ситуација кога медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен, и не е можно да се зборува за детали од конкретниот настан. |
| **2.6. Начин на злоупотреба на огненото оружје** | • Присуство на оружје<br>• Закана со оружје<br>• Употреба на оружје за удар<br>• Ранување од оружје<br>• Убиство<br>• Не е применливо | Под „Употреба на оружје за удар“ се мисли на физичко насилство, без пукање од оружје.<br><br>Под „Ранување од оружје“ се мисли на физичко насилство со пукање од оружје.<br><br>„Не е применливо“ се однесува на ситуација кога медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен, и не е можно да се зборува за детали од конкретниот настан. |

| III - СЕТ ПРАШАЊА ЗА ИНФОРМАЦИИТЕ ШТО ГИ ОБЈАВУВААТ МЕДИУМИТЕ ВО ВРСКА СО ОГНЕНОТО ОРУЖЈЕ И СТОРИТЕЛОТ | | |
|---|---|---|
| 3.1. Достапност на информации за видот и бројот на огненото оружје | • Вид оружје<br>• Број на оружје<br>• И двете<br>• Нема информации<br>• Не е применливо | Под вид оружје се подразбира медиумскиот извештај да наведува конкретно оружје (на пр. пиштол, пушка...).<br><br>Под број на оружје се подразбира медиумскиот извештај да наведува колку парчиња огнено оружје сторителот користел или поседувал (легално или нелегално).<br><br>Доколку се дадени двете информации, се означува „И двете“.<br><br>Доколку не е дадено ништо од овие информации (туку на пр. пишува само „огнено оружје“), се означува со „Нема информации“.<br><br>„Не е применливо“ се однесува на ситуација кога медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен, и не е можно да се зборува за детали од конкретниот настан.<br><br>„Не е применливо“ се однесува на ситуација кога медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен, и не е можно да се зборува за детали од конкретниот настан. |

| | | |
|---|---|---|
| **3.2. Достапност на информации за начинот на поседување на огненото оружје** | • Легално<br>• Нелегално<br>• И двете<br>• Нема информации<br>• Не е применливо | „И двете“ се означува доколку медиумскиот извештај укажува на присуство/ користење на повеќе парчиња оружје, односно јасно наведува дека нешто од тоа е легално, а нешто нелегално.<br><br>„Не е применливо“ се однесува на ситуација кога медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен, и не е можно да се зборува за детали од конкретниот настан. |
| **3.3. Достапност на информации за претходна историја за насилно однесување на сторителот** | • Да<br>• Не<br>• Нема информации<br>• Не е применливо | Ова се однесува на информациите за тоа дали сторителот бил претходно обвинет/осудуван, или нешто што само соседите/ роднините го зборуваат, а не било институционално забележано.<br><br>Се однесува на секое минато насилство кон жените, но и на други видови насилни однесувања.<br><br>Може да се однесува на насилно однесување со злоупотреба на огнено оружје, но и не мора.<br><br>„Не е применливо“ се однесува на ситуација кога медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен, и не е можно да се зборува за детали од конкретниот настан. |

| | | |
|---|---|---|
| **3.4. Достапност на информации за историјата на злоупотреба на огнено оружје од страна на сторителот** | • Да<br>• Не<br>• Нема информации<br>• Не е применливо | Примери за ситуации на кои се однесува:<br>• нелегално поседување и/или употреба на огнено оружје,<br>• злоупотреба на легално оружје (престрелка, нарушување на редот и мирот, несоодветно поседување оружје, закани, семејно насилство и сл.).<br>„Не е применливо“ се однесува на ситуација кога медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен, и не е можно да се зборува за детали од конкретниот настан. |
| **3.5. Достапност на информации за врската со вооружени конфликти/војни** | • Да<br>• Не<br>• Нема информации<br>• Не е применливо | Се однесува на тоа дали е дадена информација дека:<br>• сторителот е воен ветеран или на некој друг начин има траума од вооружен конфликт/војна (на пр. татко му бил на бојното поле и бил насилен)<br>• или дека оружјето останало од вооружен конфликт/војна.<br>Ова вклучува поврзаност со кои било војни (не само во текот на деведесеттите, туку и војната во Украина, учеството во ИСИС и слично). |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Не е применливо“ се однесува на ситуација кога медиумскиот извештај не зборува за конкретен настан, туку за феномен, и не е можно да се зборува за детали од конкретниот настан. |
| **3.6. Достапност на информации за институционалните последици од злоупотреба на огнено оружје** | • Да<br>• Не<br>• Нема информации | Се однесува на цитирање или споменување закони (можни) санкции, обвиненија, судски одлуки...<br>Се однесува и на медиумски извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |
| **3.7. Медиумскиот извештај содржи изјава на релевантни институции/експерти** | • Да (преминете на прашањето 3.7.1)<br>• Не (преминете на прашањето 3.8) | Се однесува и на медиумски извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |
| **3.7.1. За чија изјава станува збор?**<br>**(на ова прашање се одговара само доколку е потврден одговорот на претходното прашање)** | • МВР<br>• Обвинителство<br>• Суд<br>• Центар за социјална работа<br>• Некои други институционални органи<br>• НВО<br>• Меѓународна организација<br>• Експерт/ експертка на тема насилство и/или огнено оружје<br>• Нешто друго | Доколку медиумскиот извештај содржи повеќе различни изјави, треба да се означат соодветните ставки. |

| | | |
|---|---|---|
| **3.8. Дали се објавени фотографии/видеозаписи во медиумскиот извештај што на несоодветен начин го прикажуваат огненото оружје, со негово величање, со покажување на моќта на огненото оружје и без критички осврт на самиот приказ?** | • Да<br>• Не<br>• Не е применливо | „Не е применливо“ се однесува на ситуацијата кога медиумскиот извештај не е придружен со никаква фотографија/слика, или на таа фотографија/слика било прикажано огненото оружје.<br>***Обрнете внимание на разликата помеѓу овој и Индикаторот 4.8 кој не се однесува на прикажувањето на огнено оружје. |
| **3.9. Дали медиумскиот извештај ја исполнува својата едукативна функција во однос на феноменот злоупотреба на огнено оружје?** | • Да<br>• Не | Едукативната функција тука се однесува на следните информации:<br>• Дали се споменува во извештајот проблемот со злоупотреба на огнено оружје и/или нелегално поседување<br>• Дали се споменува во извештајот прашањето за фактор на ризик што оди со родово-базираното насилство и злоупотребата на оружје<br>• Дали се споменува факторот на ризик поврзан со суицид (убиство/самоубиство)<br>• Дали се даваат статистички податоци за злоупотреба на огнено оружје<br>• и слично.<br>Се однесува и на медиумски извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот.<br>*** Обрнете внимание на разликата помеѓу овој и Индикаторот 4.10. кој не се однесува на злоупотреба на огнено оружје. |

| IV - СЕТ ПРАШАЊА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ | | |
|---|---|---|
| **4.1. Дали е откриен идентитетот на преживеаните/ жртвите и на членовите/членките на семејствата во медиумскиот извештај?** | • Да<br>• Не<br>• Не е применливо | Откривањето на идентитетот на преживеаната/жртвата не се однесува само на објавување име и презиме, туку и на други начини на кои е можно да се открие идентитетот:<br>• Со објавување на идентитетот на сторителот и односот со жртвата<br>• Со објавување фотографии од куќата на жртвата<br>• итн.<br>„Не е применливо“ се однесува на медиумски извештаи што не се за конкретниот случај и идентитетот не можел да биде откриен. |
| **4.2. Дали во медиумскиот извештај се префрла одговорноста за стореното насилство од насилникот на жртвата/ преживеаната?** | • Да<br>• Не | Се однесува на ситуации кога медиумскиот извештај причините за насилното однесување ги пронаоѓа во преживеаната/ жртвата („го оставила“, „го измамила“, „била облечена провокативно“, „влегла во неговиот автомобил“, „го предизвикала“ и слично).<br>Исто така, ги вклучува и сите други ситуации кога по наведување на насилното однесување, се користат изразите како „бидејќи“, „затоа што“ и слични, по кои се наведува некое лично својство на преживеаната/ жртвата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Се однесува и на медиумските извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |
| **4.3. Дали медиумскиот извештај содржи информации со кои чинот на насилство би можел да се оправда со надворешни околности или со лични карактеристики на насилникот?** | • Да<br>• Не | Се однесува на ситуациите кога медиумскиот извештај причините за насилно однесување ги изнаоѓа во надворешни фактори или лични карактеристики на насилниците (сиромаштија, културни обичаи, алкохолизам, ментална болест, стрес на работа, притисок од јавноста во случај на јавни личности и слично).<br><br>Се однесува и на медиумските извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |
| **4.4. Дали во медиумскиот извештај се изнесуваат детали од чинот на насилство/ убиство или изјави на соговорници/ соговорнички што се нерелевантни за чинот?** | • Да<br>• Не | Се однесува на сите ситуации од медиумскиот извештај што не се релевантни од аспект на интерес на јавноста – на пр. детални графички описи на насилство и повреди, изјави на луѓе блиски на насилникот, приватни информации од социјални мрежи, астролошки и нумеролошки толкувања на насилството и слично.<br><br>Се однесува и на медиумските извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |

| | | |
|---|---|---|
| **4.5. Дали во медиумскиот извештај се користени сензационалистички или стереотипни изрази за насилство, преживеаната/ жртвата, сторителот?** | • Да<br>• Не | Се однесува на сите ситуации:<br>• кога преживеаните се претставуваат како „јадни“, „несреќни“, расплакани, со видливи последици од физичко насилство,<br>• кога се нагласува етничка, верска или друга припадност на насилникот/ жртвата,<br>• кога медицинскиот извештај наведува зборови како „шок“, „неверување“, „брутално“, „страшно“ и други сензационалистички изрази<br>• и слично.<br>Се однесува и на медиумските извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |
| **4.6. Дали медиумскиот извештај го минимализира, го исмева насилството или не ѝ верува на жртвата/ преживеаната?** | • Да<br>• Не | Се однесува на ситуациите кога медиумскиот извештај го романтизира насилството („голема љубов“, „несреќен крај на љубовна приказна“...), кога го минимизира насилството („сопружничка расправија“, „семејни проблеми“) или се потсмева со тоа што на насилникот и/ или на преживеаната/ жртвата им дава прекари и слично.<br>Се однесува и на медиумските извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |

| | | |
|---|---|---|
| **4.7. Дали со насловот/ најавата на медиумскиот извештај се прекршил кој било од претходно наведените индикатори?** | • Да<br>• Не | Под овој индикатор ја анализираме исклучиво конструкцијата на насловот (наднаслов, наслов, поднаслов), без разлика каков е текстот на самиот медиумски извештај.<br><br>Се однесува и на медиумските извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |
| **4.8. Дали во медиумскиот извештај се објавени фотографии/ видеозаписи што на несоодветен и стереотипен начин ги прикажуваат насилството, жртвите и насилниците?** | • Да<br>• Не<br>• Не е применливо | Се однесува на ситуациите кога се открива идентитетот на жртвата/ преживеаната, кога тие се прикажуваат стереотипно, кога се користат илустрации што прикажуваат симулација на насилство, кога со монтажа насилникот и жртвата се прикажани еден до друг на иста фотографија".<br><br>„Не е применливо" се однесува на ситуација кога во медиумскиот извештај нема никаква фотографија/ слика. |
| **4.9. Дали е јасно во медиумскиот извештај дека насилството врз жените е социјален проблем заснован на нееднакви односи на моќ меѓу мажите и жените?** | • Да<br>• Не | Се однесува на ситуациите каде се укажува на тоа дека насилството врз жените е секогаш последица на нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите.<br><br>Се однесува и на медиумските извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |

| | | |
|---|---|---|
| **4.10. Дали медиумскиот извештај ја исполнува својата едукативна функција во однос на феноменот на родово-базирано машко насилство врз жените?** | • Да<br>• Не | Едукативната функција се однесува првенствено на тоа дали е дадена информација за заштита/поддршка за жртвата (телефонски број на полицијата, СОС-телефон за поддршка, информации за бесплатна правна помош и сл.).<br><br>Исто така, едукативната функција подразбира давање информации за тоа како функционира насилството, што се фактори на ризик од ескалација на насилството, каква е статистиката во нашата јурисдикција и/или во другите јурисдикции итн.<br><br>Се однесува и на медиумските извештаи што зборуваат за конкретни настани, како и на оние што зборуваат за феноменот. |

**НАРОМЕНЕ**

| | | |
|---|---|---|
| | | Во ова поле внесете ги следните информации:<br>• Доколку анализираниот медиумски извештај е со добар квалитет и може да се смета за пример за добра практика (нам ни е важно да извлечеме добри примери!).<br>• Доколку анализираниот медиумски извештај е со исклучително лош квалитет според неколку критериуми.<br>• Доколку има нешто специфично добро или специфично лошо само за тој медиумски извештај.<br>• Доколку имате некој посебен впечаток или сакате да ни го привлечете вниманието на некој медиумски извештај, од која било причина. |

# Референции:


- Autonomni ženski centar. (2017). Kako vas žene čitaju? Medijsko izveštavanje štampanih medija o muškom nasilju prema ženama u porodici i partnerskim odnosima iz perspektive žena koje su preživele nasilje. [Како ве читаат жените? Медиумско известување на печатените медиуми за насилството на мажите врз жените во семејните и партнерските односи од перспектива на жените кои преживеале насилство]. Autonomni ženski centar . https://www.zeneprotivnasilja.net/images/pdf/literatura/Kako_vas_zene_citaju.pdf

- Collinson, W., Ethical Journalism Network. (2012, July 7). The Public Interest. [Јавниот интерес]. Ethical Journalism Hetwork. https://ethicaljournalismnetwork.org/the-public-interest

- Council of Europe. (2011). Council of Europe Treaty Series - No. 210. Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence. [Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство]. COE https://rm.coe.int/168008482e

- Bozanic, Dragan (2022, April). Small Arms Control – The Case for Gender Mainstreaming. [Контрола на малото оружје - Случајот за интеграција на родовата перспектива]. UNDP Development Future Series. https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Policy-brief-Small-Arms-Control---The-Case-for-Gender-Mainstreaming.pdf

- Halili, D. (2021, November 25). The Darkness of the Black Chronicles: The Editorial Policy of Kosovar Media Heeds a Gender Perspective. [Темнината на црните хроники: На уредувачката политика на косовските медиуми ѝ е потребна родовата перспектива]. Косово 2.0. https://kosovotwopointzero.com/en/the-darkness-of-the-black-chronicles

- Institute of Communication Studies. (2023). Gender-based content analysis: Femicide in Macedonian media. [Анализа на родово-базирани медиумски содржини: Фемицидот во македонските медиуми]. IKS. https://iks.edu.mk/en/research- analysis/femicide-in-macedonian-media/

- Novinarke protiv nasilja prema ženama., (2022). Analiza medijskog izveštavanja o problemu nasilja prema ženama za period 2019-2021. godine. [Анализа на родово-базирани медиумски содржини: Фемицидот во македонските медиуми]. UNDP Serbia. https://novinarkeprotivnasilja.org/wp-content/uploads/2022/04/Analiza-2019-2021.pdf

- Novinarke protiv nasilja prema ženama., (2021). Smernice za medijsko izveštavanje o nasilju prema ženama [Насоки за медиумско известување за насилството врз жените]. UNDP Serbia https://novinarkeprotivnasilja.org/wp-content/uploads/2021/12/Guidelines_WEB-VERSION-ENG.pdf

- Kelly, J. (2018, August 14). The ripple effects of war: How violence can persist after formal peace is declared. [Далекусежните влијанија на војната: Како насилството може да опстојува и откако ќе се прогласи формален мир]. World Bank. https://blogs.worldbank.org/en/dev4peace/ripple-effects-war-how-violence-can-persist-after-formal-peace-declared

- LIBERTIES. (2022, January 17). What Is Watchdog Journalism: Definition, Examples, Effects On Democracy. [Што е истражувачко новинарство: дефиниција, примери, ефекти врз демократијата]. Liberties. https://www.liberties.eu/en/stories/watchdog-journalism/43959

- Institut za medije Crne Gore. (2018). Etički izazovi u zaštiti prava na privatnost u izvještavanju medija o nasilju nad ženama: Senzacionalizam ispred etičnosti? [Етичките предизвици во заштитата на правото на приватност во медиумското известување за насилството врз жените: Сензационализмот пред етичноста?]. Institut za medije Crne Gore. https://bit.ly/4byC3bC

- Organization for Security and Co-operation in Europe. (2019). OSCE-Led Survey on Violence Against Women: Well-being and Safety of Women. [Истражување предводено од ОБСЕ за насилството врз жените: Добросостојбата и безбедноста на жените]. OSCE. https://www.osce.org/secretariat/413237

- Organization for Security and Co-operation in Europe. (2019). OSCE-led Survey on Violence Against Women. Well-being and Safety of Women: Bosnia and Herzegovina Results report. [Истражување предводено од ОБСЕ за насилството врз жените. Добросостојбата и безбедноста на жените: Извештај за резултатите од Босна и Херцеговина]. OSCE. https://www.osce.org/secretariat/423470

- Organization for Security and Co-operation in Europe. (2019). OSCE-led Survey on Violence Against Women. Well-being and Safety of Women: Serbia Results report. [Истражување предводено од ОБСЕ за насилството врз жените. Добросостојбата и безбедноста на жените: Извештај за резултатите од Србија]. OSCE. https://www.osce.org/secretariat/419750

- Organization for Security and Co-operation in Europe. (2019). OSCE-led Survey on Violence Against Women. Well-being and Safety of Women: North Macedonia Results report. [Истражување предводено од ОБСЕ за насилството врз жените. Добросостојбата и безбедноста на жените: Извештај за резултатите од Република Северна Македонија]. OSCE. https://www.osce.org/secretariat/419264

- Organization for Security and Co-operation in Europe. (2019). OSCE-led Survey on Violence Against Women. Well-being and Safety of Women: Montenegro Results report. [Истражување предводено од ОБСЕ за насилството врз жените. Добросостојбата и безбедноста на жените: Извештај за резултатите од Црна Гора]. OSCE. https://www.osce.org/secretariat/424985

- Organization for Security and Co-operation in Europe. (2019). Survey on Well-being and Safety of Women in Kosovo. [Истражување за добросостојбата и безбедноста на жените во Косово]. OSCE. https://www.osce.org/mission-in-kosovo/439781

- Pejovic, D. (2022). Rodno ogledalo medija u Crnoj Gori: Istraživanje i analiza sadržaja crnogorskih medija iz rodne perspektive. [Родово огледало на медиумите во Црна Гора: Истражување и анализа на содржината на црногорските медиуми од родова перспектива. УНДП Црна Гора]. UNDP Montenegro. https://www.undp.org/cnr/montenegro/publications/rodno-ogledalo-medija-u-crnoj-gori

- The South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons. (2019). Gender and Small Arms in Bosnia and Herzegovina: Fast Facts. [Родот и малото оружје во Босна и Херцеговина: брзи факти]. SEESAC. https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Gender-And-Small-Arms_BiH_ENG_WEB.pdf

- The South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons. (2019). Gender and Small Arms in Montenegro: Fast Facts. [Родот и малото оружје во Црна Гора: брзи факти]. SEESAC. https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Gender-And-Small-Arms_Montenegro_ENG_WEB.pdf

- The South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons. (2019). Gender and Small Arms in Serbia: Fast Facts. [Родот и малото оружје во Србија: брзи факти]. SEESAC. https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Gender-And-Small-Arms_SERBIA_ENG_WEB.pdf

- The South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons. (2019). Gender and Small Arms in Kosovo: Fast Facts. [Родот и малото оружје во Косово: брзи факти]. SEESAC. https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Gender-And-Small-Arms_Kosovo_ENG_WEB.pdf

- The South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons. (2019). Gender and Small Arms in North Macedonia: Fast Facts. [Родот и малото оружје во Република Северна Македонија: брзи факти]. SEESAC. https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Gender-And-Small-Arms_North-Macedonia_MAC_WEB.pdf

- The South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons. (2016). Gender and SALW in South East Europe: Main Concerns and Policy Response. [Родот и МЛО во Југоисточна Европа: Главни причини за загриженост и одговор преку политик]. SEESAC. https://www.seesac.org/f/docs/Armed-Violence/Gender_and_SALW_Macedonian-online.pdf

- The South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons. (2019). The Misuse of Firearms in Domestic Violence in South East Europe. [Злоупотреба на огнено оружје во семејното насилство во Југоисточна Европа]. SEESAC. https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-SALW/Misuse-of-firearms-in-SEE_ENG_WEB_FINAL_1.pdf

- The South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons. (2018). Roadmap for a Sustainable Solution to the Illegal Possession, Misuse and Trafficking of Small Arms and Light Weapons (SALW) and their Ammunition in the Western Balkans by 2024. [Патоказ за одржливо решение за нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО) и нивна муниција во Западен Балкан до 2024 година]. SEESAC. https://www.seesac.org/f/docs/publications-salw-control-roadmap/Regional-Roadmap-for-a-sustainable-solution-to-the_1.pdf

- UN Women. (2021). Istraživanje o medijskom izvještavanju o rodno zasnovanom nasilju nad ženama u Bosni i Hercegovini, 2020. [Истражување за медиумското известување за родово базираното насилство врз жените во Босна и Херцеговина]. UN Women. https://bit.ly/3Vknen8

- UNDP Serbia. (2020). A portrait Against a Landscape: Analysis of media coverage of firearm misuse in violence against women committed by men. [Портрет наспроти пејзаж: Анализа на медиумското покривање на злоупотребата на огнено оружје во насилството врз жените извршено од мажи]. UN Serbia. https://novinarkeprotivnasilja.org/wp-content/uploads/2021/12/A-portrait-against-a-landscape-5.pdf

- UNDP Serbia. (2023). Characteristics and prevention of intimate partner femicide-suicide cases committed with a firearm. [Карактеристики и превенција на случаи на фемицид-самоубиство на интимен/а партнер/ка извршени со огнено оружје]. UNDP Serbia. https://bit.ly/4bTz6SP

- United Nations (General Assembly). (1993). Resolution 48/104. Declaration on the Elimination of Violence against Women. [Резолуција 48/104. Декларација за елиминација на насилството врз жените]. UN Digital Library. https://digitallibrary.un.org/record/179739?ln=en&v=pdf

- United Nations, World Bank. (2018). Pathways for Peace: Inclusive Approaches to Preventing Violent Conflict. World Bank. [Патеки за мир: Инклузивни пристапи за спречување на насилен конфликт]. Обединети нации, Светска банка. (2018).
  http://hdl.handle.net/10986/28337

- Women Against Violence Europe. (2022). Sprečavanje i odgovor na rodno zasnovano nasilje tokom rata i u poslijeratnom okruženju: Iskustva i preporuke ženskih nevladinih organizacija – Priručnik. [Спречување и одговор на родово заснованото насилство за време на војна и во повоеното опкружување: Искуства и препораки на женските невладини организации - Прирачник]. WAVE.
  https://www.osce.org/files/f/documents/0/f/530701.pdf

CIP - Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

343.61-055.2(497-15)
343.988-055.2(497-15)
070.11:174(497-15)
316.774:174(497-15)

АНАЛИЗА на медиумското известување за злоупотреба на огнено оружје во родово-базирано насилство на мажи врз жени во Западен Балкан. - Белград : Програма за развој на Обединетите нации СЕЕСАЦ, 2025 (Белград : Биграф Плус). - 96 стр. : илустр. ; 21 cm

Изв. стрв. насл: Analysis of media reporting on firearm misuse in male gender-based violence against women in the Western Balkans. - Кор. насл. - Тираж 50. - Напомене и библиографске референце уз текст. - Библиографија: стр. 91-96.

ISBN 978-86-7728-379-7

а) Жртве насиља -- Жене -- Западни Балкан
б) Ватрено оружје -- Злоупотреба -- Западни Балкан
в) Новинарска етика -- Западни Балкан
г) Масовне комуникације -- Етички аспект -- Западни Балкан

COBISS.SR-ID 164195337